# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>16.03.2022 год.<br>БРОЈ 3 ГОДИНА 57 |
|---|---|

**С О Д Р Ж И Н А**

| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за формирање Совет за заштита на потрошувачите. | 5 |
| 2. | Одлука за донесување Правилник за критериумите и постапка за доделување еднократна парична помош на физички лица | 7 |
| 3. | Одлука за давање согласност на Правилникот за користење на финансиски средства од буџетот на општина Охрид за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипед | 9 |
| 4. | Одлука за давање согласност на Правилникот за давање дополнителни услуги од страна на Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) при општина Охрид. | 10 |
| 5. | Одлука за донесување Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на општина Охрид од фонд за иновации. | 11 |
| 6. | Одлука за учество на општина Охрид во реализација на програмска активност за обезбедување на услугата личен асистент на лица со попреченост. | 15 |
| 7. | Одлука за прифаќање на иницијатива и отстапување на времено користење простор за формирање на Центар за церебрална парализа и други нарушувања на психомоторниот развој во општина Охрид. | 17 |
| 8. | Одлука за измена на распоредот на средствата и проширување на Буџетот на општина Охрид за 2022 година. | 19 |
| 9. | Одлука за дополнување на одлуката за извршување на буџетот на општина Охрид за 2022 година. | 20 |
| 10. | Одлука за давање согласност на одлуката за дополнување на одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски комуналец“ Охрид бр.02-242/3 од 17.02.2015 година. | 21 |
| 11. | Одлука за отстапување на користење паркинг простори од општина Охрид на ЈП„Билјанини извори“ Охрид. | 22 |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈП „Билјанини извори“- Охрид | **23** |
| **13.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и јавни паркинг простори со кои стопанисува ЈП„Билјанини извори“ Охрид | **24** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година | **25** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година | **30** |
| **16.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2021 година | **34** |
| **17.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година | **45** |
| **18.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година. | **49** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година | **56** |
| **20.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година | **68** |
| **21.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година | **74** |
| **22.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година | **76** |
| **23.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за периодот од 01.01. до 31.12.2021 година | **78** |
| **24.** | Одлука за усвојување на Годишниот извештај и завршна сметка на буџетот на единицата на локална самоуправа Општина Охрид за 2021 година и Извештајот за годишниот попис за 2021 година | **87** |
| **25.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2021 година на ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ - Охрид | **137** |
| **26.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2020/2021 година | **138** |

| | | |
|---|---|---|
| **27.** | Одлука за донесување План за парцелација од Урбанистички Проект со план за парцелација за поместување на границата на градежната парцела ГП_2.5.68, поради неусогласеност на градежната со катастарската парцела, за КП 16682 и дел од КП 16679/1, КО Охрид 3 во ДУП за УЗ 2, дел од блок 2.5-опфат 1 со намена А1-домување во станбени куќи (А1.2 - домување во станбени куќи), општина Охрид | **139** |
| **28.** | Оза донесување План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на две градежни парцели на ГП 7.2.31 формирана на дел од КП 8207 и дел од КП 8204/2 во КО Охрид 1 во ДУП УЗ 7 блок 7.2, опфат 2 Охрид, општина Охрид | **141** |
| **29.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.39 и КП.бр.736 КО Вапила | **142** |
| **30.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 80/1 КО Долно Лакочереј. | **143** |
| **31.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 400/1 и 400/2 КО Лескоец | **144** |
| **32.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.908/3 и КП.бр.1185 КО Оровник | **146** |
| **33.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1179 КО Лескоец | **147** |
| **34.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1521 КО Лескоец | **148** |
| **35.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1489/1 КО Пештани | **149** |
| **36.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1681 КО Лескоец | **150** |
| **37.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1841 и 1842/1 КО Лескоец | **152** |
| **38.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1915/1 КО Лескоец | **153** |
| **39.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2022 КО Горно Лакочереј | **154** |

| | | |
|---|---|---|
| **40.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2058 КО Лескоец. | **155** |
| **41.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2141 КО Охрид 4 | **156** |
| **42.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2402/1 КО Лескоец | **157** |
| **43.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 563, 1/133, 1099 КО Горно Лакочереј | **159** |
| **44.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1341/1, 612/17 и 612/20 КО Долно Лакочереј | **160** |
| **45.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1993 КО Долно Лакочереј | **161** |
| **46.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2048/1 КО Долно Лакочереј | **162** |
| **47.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2180 КО Долно Лакочереј | **163** |
| **48.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2537 КО Долно Лакочереј | **164** |
| **49.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 913/4 КО Оровник | **166** |
| **50.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1978/1 и КП.бр.1978/2 КО Лескоец | **167** |
| **51.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр. 8655/5 КО Охрид 2 | **168** |
| **52.** | Јавна објава | **169** |
| **53.** | Јавна објава | **169** |
| **54.** | Јавна објава | **169** |
| **55.** | Јавна објава | **170** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за формирање Совет за заштита на потрошувачите, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09 - 2982/67**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 126 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на РМ бр.38/04, 77/07, 103/08 и 24/11), член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

**Член 1**

Се формира Совет за заштита на потрошувачите кој ќе се грижи за заштита и остварување на правата на потрошувачите во однос на заштита на здравјето, безбедноста, економските интереси и за нивното редовно информирање во остварувањето на нивните права.

**Член 2**

Членовите на Советот за заштита на потрошувачи се избираат од редовите на советниците, здруженијата на потрошувачи и од други здруженија на граѓани, јавните претпријатија, стопанските комори и од државните органи на инспекцискиот надзор кои имаат надлежности поврзани со заштита на потрошувачите.

**Член 3**

За членови на Совет за заштита на потрошувачите се избираат:

**-ВАНГЕЛ СПИРОСКИ**

**-СУЗАНА НАУМОСКА**

**-МАГДАЛЕНА СТОЈАНОСКА БАЛЕСКА**

**-БЛАГОРОДНА ЧУЛЧЕСКА**

**-МИЛЕНА ГРОЗДАНОСКА**

**-ЛЕОНА КИЧЕЕЦ**

**-СЛАВЧО РИСТЕСКИ**

**-ВЕСНА НИКОЛОСКА РИСТОВСКА**

**-СЛАВИЦА ЦВЕТАНОСКА**

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката за формирање Совет за заштита на потрошувачи бр.07-6237/20 од 29.10.2013 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/3**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување Правилник за критериумите и постапка за доделување еднократна парична помош на физички лица, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/68**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Правилник за критериумите и постапка за доделување еднократна парична помош на физички лица.

**Член 2**

Оваа одлука и Правилникот влегуваат во сила од денот на донесувањето, а ќе бидат објавени во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 2982/4**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе барање за добивање на финансиски средства-еднократна парична помош, критериумите кои треба да ги исполнат барателите, постапката за реализација и исплата на средствата кон барателите.

Како баратели на средства може да се јават исклучиво физички лица.

**Парична и друга помош кон физички лица**
**Член 2**

Согласно усвоениот буџет, парична и друга помош кон физичките лица ќе се доделува за следната намена:

-еднократна помош за лекување;
-еднократна помош за елементарни непогоди (пожари, поплави)
- еднократна помош за новороденчиња и
- социјални пакети во прехрамбени продукти и средства за одржување на хигиена.

**Член 3**

Средствата предвидени во буџетот на годишно ниво за еднократна парична помош на физички лица (поединци) наменета за лекување ќе се распределува според следните критериуми:

1. За Лекување со оперативен зафат надвор од државата доколку оперативниот зафат не е покриен од фондот за здравствено осигурување до 15.000,00 денари
2. За Лекување надвор од државата до 9.000,00 денари
3. За Лекување со оперативен зафат во државата до 5.000,оо денари
4. За Лекување со соодветни испитувања во државата до 3.000,оо денари.

За наведената помош од точка 1, 2, 3 и 4, физичкото лице доставува барање со прилог медицинска документација со која подносителот на барањето располага.

Средствата од став 1 на овој член може да се користат само еднаш во текот на една календарска година.

За оправданоста на барањето, Градоначалникот донесува решение врз основа на Заклучок донесен од надлежната комисија за финансии и буџет при Советот на општина Охрид.

**Член 4**

Еднократна парична помош ќе се доделува на семејства настрадани од елементарни непогоди (пожари, поплави, земјотреси) во висина до 30.000,оо денари.

Составен дел на барањето е записникот од извршениот увид од СВР-Охрид и потврда од ТППЕ Охрид.

За наведената помош од точка 1, физичкото лице доставува барање со записникот од извршениот увид од СВР-Охрид и потврда од ТППЕ Охрид.

Средствата од став 1 на овој член може да се користат само еднаш во текот на една календарска година.

За оправданоста на барањето, Градоначалникот донесува решение врз основа на Заклучок донесен од надлежната комисија за финансии и буџет при Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Еднократна парична помош на родители ќе се додели по основ на новороденче и тоа:

- за прво новороденче 5.000,оо денари и
- за второ новороденче 5.000,оо денари.

Еднократната помош од став 1 ќе се доделува врз основа на податоци добиени од ЈЗУ Општа болница Охрид.

Право на парична помош по овој основ има под услов еден од родителите да биде со постојано место на живеење на територијата на Општина Охрид.

За новороденчиња родени во друга здравствена установа надвор од подрачјето на општина Охрид, ќе се доделува паричната помош од став 1 по основ на доставено барање со прилог на доказ на еден од родителите за постојано место на живеење на територијата на општина Охрид и медицински извештај од здравствената установа за новороденото дете.

**Член 6**

Социјални пакети во прехрамбени продукти и средства за одржување на хигиена во вредност до 3.000,оо денари по семејство, ќе се доделуваат врз основа на доставено барање од физичко лице со прилог потврда за социјален статус и семејна состојба.

Помошта од став 1 на овој член може да се користи само еднаш во текот на една календарска година.

За оправданоста на барањето, Градоначалникот донесува решение со кое формира комисија која ја утврдува потребата и износот за финансиска поддршка од овој вид.

**Член 7**

Предност за користење на средствата имаат:

- жители на ОпштинаОхрид
- непотполни семејства
- самохрани родители
- семејства во кои живеат хендикепирани лица
- семејства во кои не работи ниту еден член
- семејства во кои работи само еден член од семејството.

**Член 8**

Правилникот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник.

**Број 08-2982/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА КУПУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Правилникот за користење на финансиски средства од буџетот на општина Охрид за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипед, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/69** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,а.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА КУПУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Правилникот за користење на финансиски средства од буџетот на општина Охрид за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Охрид за купување велосипед.

**Член 2**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Правилникот донесен со Одлука бр.08-4086/11 од 28.04.2021 година донесена од Советот на општина Охрид.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДАВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ ОД СТРАНА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА (ТППЕ) ПРИ ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Правилникот за давање дополнителни услуги од страна на Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) при општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/70** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 5 став 2, член 49 став 1 алинеја 7 и став 4 и член 51 од Законот за пожарникарство („Сл.весник на РМ“ бр.67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/16 и 152/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДАВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ ОД СТРАНА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ПРИ ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Правилникот за давање дополнителни услуги од страна на Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) при општина Охрид бр.09-1253/1 од 02.02.2022 година, донесен од Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 2**

Со донесувањето на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за давање согласност на Правилникот за давање дополнителни услуги од страна на територијалната противпожарна единица при општина Охрид, донесена од страна на Советот на општина Охрид број 08-2815/6 од 29.02.2016 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на општина Охрид од фонд за иновации, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.02.2022 година.

**Број 09- 2982/71** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на општина Охрид од фонд за иновации.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 2982/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ОД ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ**

Целта на овој Правилник е да се одредат критериумите и условите за поднесување и добивање на награди на талентирани ученици од областа на технологијата, унапредување на технолошкиот процес како и заштита на животната средина, а целта е стимулација на иновативните и креативните учениците од средно образование. Заинтересираните учесници следејќи ги насоките дадени во овој правилник и во Јавниот повик треба своите проекти заедно со целокупната барана документација да ги достават во зададените рокови.

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот и условите за аплицирање и доделување на награди од Фондот за иновации, почнувајќи од денот на негово објавување во Службен Гласник на општина Охрид. Истиот ќе биде на сила до донесување на нов правилник, измена на истиот или негово укинување.

**Член 2**

Право на учество на Јавниот повик има секој ученик средно образование, жител на општина Охрид кој ќе ги исполнува следните услови:

- да е жител на општина Охрид, редовен ученик во едно од општинските средни училишта ( I, II, III, IV година);
- да се пријави индивидуално заедно со својот ментор- предметен професор или во тим од максимум двајца ученици и ментор;
- да даде Изјава од менторот и ученикот-учениците под чие менторство се изработува проектот, дека истиот е необјавуван и ненаградуван предходно.

**Член 3**

Право на учество на Јавниот повик немаат:

- Вработени во општина Охрид и нивното потесно семејство (лица кои се во брачна заедница со вработенота лице во општина Охрид и нивните деца.
- Членовите од Комисијата формирана од Градоначалникот која работи на овој Правилник.

**НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

**Член 4**

(1) Учениците кои се пријавуваат на Јавниот повик, треба да го пополнат потребниот образец за пријава поставен на интернет страната www.ohrid.gov.mk или да го подигнат во пријавницата на Општина Охрид во дадениот рок определен во Јавниот повик.

(2) Потребно е да се достават и следните документи:

- Извод на родени на ученикот- учнциицте (копија);

- Копија од трансакциска сметка на ученикот (доколку има) доколку се двајца од двајцата ученици или копии од трансакциска сметка на родителот;

- Копија од трансакциска сметка од менторот.

- Потврда дека е редовен ученик во учебната 2021/2022 година (оригинал);

-Изјава потпишана од родител-старател за обработка на личните податоци на ученикот-кандидат (во продолжение на овој Правилник следи изјавата).

(3) Целокупната потребна документација заедно со изработениот проект од областа на технологијата, унапредувањето на технолошкиот процес како и заштитата на животната средина, треба да се достави во рокот определен во Јавниот повик во затворен плик до соодветната Комисија, преку Архивата на општина Охрид, адресирани на ул. Димитар Влахов бр.57, секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот.

(4) На пликот треба да е наведено **“Јавен повик за доставување на проекти од областа на технологијата, унапредување на технолошкиот процес како и заштита на животна средина”.**

**НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

**Член 5**

(1) Јавниот повик ќе трае **(60)** дена од денот на објавување на официјалната веб страна на општина Охрид. Сите подносители на барање со уредна документација ќе бидат разгледани и евалуирани од Комисија.

(2) За спроведување на Јавниот повик Градоначалникот формира Комисија за спроведување на Јавниот повик, за доставување на проекти од областа на технологијата , унапредување на технолошкиот процес како и заштитата на животна средина.

(3) Комисијата е должна да ги разгледа сите уредно поднесени проекти кои ги вклучуваат сите барани документи и се доставени во периодот на времетраење на објавениот повик. Комисијата го задржува правото да предложи до градоначалникот повеќе од еден проект од иста категорија, т.е. да предложи повеќе награди во случај на пристигнати повеќе апликации со слично квалитетно евалуционо ниво, се до изцрпување на предвидениот буџет за оваа намена, а исто така и го задржува правото и да не изврши избор.

(5) Кандидатите кои нема да бидат наградени, може да ги подигнат поднесените документи во рок од седум работни дена по објавување на добитниците од Секторот за туризам и локален економски развој, задолжен за административно спроведување на иницијативата.

**НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА НАДОМЕСТОК**

**Член 6**

(1) Градоначалникот на општина Охрид врз основа на Предлогот на комисијата носи решение со кое се одобруваат средства за наградените ученици.

**ВИСИНА НА НАГРАДЕНИТЕ ТРУДОВИ**

Член 7

(1) Првонаградениот добива награда во износ од 45.000 мкд.
(2) Второнаградените добива награди во износ од 30. 000 мкд.
(3) Третонаградениот добива награди во износ од 25. 000 мкд.

*согласно челен (5) став (3) каде Комисијата го задржува правото да предложи до градоначалникот повеќе од еден проект од иста категорија, т.е. да предложи повеќе награди во случај на пристигнати повеќе апликации со слично квалитетно евалуционо ниво, а исто така и го задржува правото и да не изврши избор, Комисијата може да додели повеќе награди до исцрпување на буџетот наменет за оваа активност.

*Износите на наградите се во бруто износ.
*Износот на средствата од наградниот фонд ќе биде поделен повеќу учесникот/учесниците и менторот сразмерно.

**ИСПЛАТА ЗА ДОДЕЛНИТЕ НАГРАДИ**

Член 8

Општина Охрид доделенат сума на наградените ученици ја уплаќа на сметка наведена во бараната документација согласно условите наведени во правилникот и јавниот повик.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 9

Овој правилник ќе биде објавен во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08-2982/9**
**15.03.2022 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКА АКТИВНОСТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГАТА ЛИЧЕН АСИСТЕНТ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за учество на општина Охрид во реализација на програмска активност за обезбедување на услугата личен асистент на лица со попреченост, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/72**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 306 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 и 299/21), член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со Програмата за социјална и здравствена заштита на општина Охрид за 2022 година, Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКА АКТИВНОСТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛУГАТА ЛИЧЕН АСИСТЕНТ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

**Член 1**

Личната асистенција на лица со попреченост е услуга од социјална заштита, преку која се обезбедува поддршка на лицата со потешка и најтешка телесна попреченост и лицата со целосно оштетен вид на возраст од 18 до 65 години во нивното осамостојување, согласно нивните индивидуални потреби.

Општина Охрид со овој јавен повик ќе избере организација/институција која согласно член 22 од Законот за образование на возрасни и Правилникот за начинот на верификација на установите и институциите за образование на возрасни поседува Решение за верификација на институцијата за образование на возрасни и е подготвена да координира комплетна услуга за обезбедување на лична асистенција на лица со попреченост. Притоа општина Охрид се обврзува да го покрие надоместокот за обуката за стекнување со сертификат за личен асистент на лица со попреченост која ќе има обврска да ја спроведе избраната организација или институција.

**Член 2**

Општина Охрид за буџетската 2022 година, согласно програмата за социјална и здравствена заштита предвидува финансиски да поддржи верифицирна организација/институција која работи на територијата на општина Охрид и која ќе спроведе и води процес за обука на лица кои ќе се стекнат со сертификат за завршена обука за лична асистенција, верифицирана од ЈУ Центар за образование на возрасни.

Општина Охрид се обврзува да го покрие надоместокот за обуката за стекнување со сертификат за личен асистент на лица со попреченост, а обврска да ја спроведе комплетната активност има избраната организација или институција.

**Член 3**

Вкупната финансиска поддршка за оваа намена изнесува 240.000,00 денари. Средствата ќе се исплатат откако избраната организација или институција ќе достави финален извештај за реализирана обука со прилог: копија од сертификатите на минимум 10 обучени лица;

**Член 4**

Услови кои организацијата/институцијата треба да ги исполнува:

- да нуди услуги на територијата на општина Охрид;
- да се регистрирани согласно Закон;
- да поседуваат решение издадено од страна на Министерство за образование на РМ за верификација на институција за образование на возрасните за реализација на посебната програма Личен асистент на лица со попреченост
- самостојно да ја реализираат програмата за обука на Личен асистент на лица со попреченост и тоа преку практичен и теоретски дел
- да спроведуваат активности од областа на социјалната заштита најмалку една година;

**Член 5**

Документи кои е потребно да се доставаат на јавниот повик:

- Писмо за намери (во кое избраната организација или институција се обврзува да ги ангажира лицата кои ќе се стекнат со сертификат;
- Програма за работа на организацијата/институцијата;
- Програма за образование на возрасните за обука на Личен асистент на лица со попреченост;
- Изјава потпишана од одговорното лице на организацијата/институцијата дека добиените средства од општина Охрид ќе се користат наменски, исклучиво за целите на програмата за реализација на обуката за лична асистенција на лица со попреченост, притоа да превземе одговорност да обезбеди лична асистенција на лица со попреченост, без притоа да им се наплаќа надоместок на корисниците на услугата кои мора да се жители на општина Охрид;
- Правилник донесен од одговорното лице на организацијата кој ќе ги пропишува условите и начинот на избор на лицата кои ќе имаат можност да се обучат и да се стекнат со сертификат притоа водејќи сметка процесот за избор да биде транспарентен и право на обука да имаат сите граѓани жители на општина Охрид а предност да се даде на невработени лица. Правилникот треба да дефинира и спроведување на активноста како и критериумите кои од корисниците на услугата – лична асистенција на организацијата ќе се бараат да бидат исполнети;
- Тековна состојба да не е постара од 6 месеци;
- Решение издадено од страна на Министерство за образование на РМ за верификација на институција за образование на возрасните за реализација на посебната програма Личен асистент на лица со попреченост

**Член 6**

Општина Охрид преку Јавен повик кој ќе биде објавен на веб страната на општината и во средствата за јавно информирање, на транспарентен начин финансиски ќе поддржи верифицирна организација/институција која работи на територијата на општина Охрид и која ќе спроведе обука на лица кои ќе се стекнат со сертификат за завршена обука за лична асистенција, верифицирана од ЈУ Центар за образование на возрасни.

**Член 7**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да донесе Правилник во кој детално ќе ги утврди условите и критериумите за избор, да објави јавен повик, да формира комисија која ќе изврши евалуација на пристигнатите апликации и која ќе му даде предлог за избор на организација или институција.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објаување во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08- 2982/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на

општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА И ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ ПРОСТОР ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА И ДРУГИ НАРУШУВАЊА НА ПСИХОМОТОРНИОТ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за прифаќање на иницијатива и отстапување на времено користење простор за формирање на Центар за церебрална парализа и други нарушувања на психомоторниот развој во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/73** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков ,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 306 став 2 од Законот за социјална заштита („Сл. весник на РМ“ бр.104 од 23.05.2019 година), член 15 став 1 точка 7 и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА И ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ ПРОСТОР ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА И ДРУГИ НАРУШУВАЊА НА ПСИХОМОТОРНИОТ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Охрид ја прифаќа иницијативата на Здружение за воспитно образовна психо-социјална поддршка ВОПС Охрид за воспоставување во општина Охрид, Центар за церебрална парализа и други нарушувања на психомоторниот развој, согласно доставениот елаборат од страна на Здружението.

**Член 2**

Општина Охрид, отстапува на времено користење дел од простор на кој општина Охрид има право на трајно користење, лоциран во поранешната „Стара касарна“ во Охрид, запишан во ИЛ бр. 95189 КО Охрид 2, добиен на трајно користење со Одлука на Владата бр. 44-7650/3 од 25.09.2018 година. Просторот е опишан како објект бр. 2 намена на зграда (В1), влез 1 на приземје.

Дел од просторот се отстапува за потребите на Ценатрот за церебрална парализа и други нарушувања на психомоторниот развој на општина Охрид. За оваа намена се отстапуваат следните простории: бр. 7 – 110 м2 и бр. 8 – 74,50 м2. Вкупно за потребите на центарот се отстапуваат 184,50 м2.

Периодот на користење на просторот кој е предмет на оваа одлука ќе биде 3 (три) години, со право доколку се користи согласно намената истиот да биде продолжен.

**Член 3**

Надоместокот за режиски трошоци (струја, вода, греење) како и телефон и интернет за функционирање на центарот се на товар на општина Охрид.

**Член 4**

Општина Охрид е насочена кон подобрување на квалитетот на живот на децата со церебрална парализа и други психомоторни нарушувања, нивна социјална инклузија, извлекување од изолација, подигање на свеста во општеството и решавање на проблемите со кои се соочуваат децата со посебни потреби и нивните семејства.

За таа цел општина Охрид активно се вклучува во реализацијата на овој проект и притоа обезбедува простор и режиски трошоци за работа на Центарот. Останатите потреби се обврска на здружението ВОПС Охрид.

**Член 5**

Центарот за церебрална парализа ќе згрижува до 30 деца на возраст од 3 до 20 години. Лицата треба да се жители на општина Охрид.

**Член 6**

Услугите на Центар за церебрална парализа и други нарушувања на психомоторниот развој ќе бидат бесплатни за неговите крајни корисници.

**Член 7**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да склучи договор со Здружението ВООПС Охрид во кој детално ќе ги утврди условите и начинот за користење на просториите определени за Центар за церебрална парализа и други нарушувања на психомоторниот развој.

**Член 8**

Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08 – 2982/11**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА И ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена на распоредот на средствата и проширување на Буџетот на општина Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/74**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и член 29 став 1 од Законот за финансирање на ЕЛС („Сл.весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21 и 77/21), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА И ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата и проширување на Буџетот на Општина Охрид за 2022 година на следниот начин:

| **Програма Потставка** | **Буџет** | **Самофин.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|---|
| **N 10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 742115 Приходи од европски држави | | | 388.000,оо | | |
| 425760 Превозни услуги во образованието | | | 216.000,оо | | |
| 425990 Други договорни услуги | | | 16.000,оо | | |
| 426310 Семинари и конференции | | | 140.000,оо | | |
| 426990 Други оперативни расходи | | | 16.000,оо | | |
| 425750 Услуги за вонучилишни обрзовни активности | | | -243.900,оо | | |
| 425990 Други договорни услуги | | | 60.000,оо | | |
| 464990 Други трансфери | | | 183.900,оо | | |

**Член 2**

Предлог измените и дополнувањата во наведените ставки стануваат составен дел на буџетот на општина Охрид за 2022 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/12**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за дополнување на одлуката за извршување на буџетот на општина Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/75**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2022 година бр.08-1356/34 од 29.12.2021 година.

**Член 2**

Во уводот на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2022 година, во делот каде се повикува на Законот за буџетите, се врши дополнување во делот каде се цитираат броевите на Службените весници, при што после бројот 167/16 се додава и Службен весник бр.151/21.

**Член 3**

Во член 14 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2022 година бр.08-1356/34 од 29.12.2021 година после ставот 1 се додава нов став број 2 и истиот гласи:

**1. „Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 9.000,оо денари нето, под услов вработениот да работел најмалку шест (6) месеци во календарската година кај работодавачот“.**
**2. „Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината, а најдоцна до крајот на тековната година“.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/13**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД БР.02-242/3 ОД 17.02.2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за дополнување на одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски комуналец“ Охрид бр.02-242/3 од 17.02.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/76**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД БР.02-242/3 ОД 17.02.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски комуналец“ Охрид бр.02-242/3 од 17.02.2015 година, донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски комуналец“ Охрид бр.02-243/8 од 11.02.2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 2982/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за отстапување на користење паркинг простори од општина Охрид на ЈП„Билјанини извори“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/77** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Општина Охрид на ЈП„Билјанини Извори“ Охрид им ги отстапува на користење следните паркинг простори и тоа:

- Паркинг простор на улица „Серафим Китаноски“ од десна страна гледано во насока према улица „Партизанска“,
- Паркинг просторот на улица „Мите Богоески“ позади Општина Охрид,

- Паркинг просторот што се наоѓа на десната страна од патниот правец Охрид – Св.Наум наспроти кафана „Мече“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-2982/15**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“- ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈП „Билјанини извори“- Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/78**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ – ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈП „Билјанини извори“- Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Билјанини извори“ - Охрид бр.02-140/2 од 17.02.2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ СО КОИ СТОПАНИСУВА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и јавни паркинг простори со кои стопанисува ЈП„Билјанини извори“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/79** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ СО КОИ СТОПАНИСУВА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ" ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и јавни паркинг простори со кои стопанисува ЈП„Билјанини извори“

Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Билјанини извори“ Охрид бр.02-140/4 од 17.02.2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/80** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТППЕ ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за финансиските потреби на ТППЕ Охрид за 2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 2982/18**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за пожарникарство на РМ го изготвувам следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**

За работата на Територијалната противпожарна единица – Охрид(ТППЕ) и реализација на Програмата за финансиските потреби на ТППЕ за 2021 година,за период од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

Заради гаснење на пожари,спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии,укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации,како и извршување на други работи при незгоди и несреќи воедно и извршување на задолженија,наредби и услуги,ТППЕ Охрид во 2021 година изврши и превзеде за решавање 434 (382 во 2020) интервенции и тоа:

**I. ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ**

ТППЕ Охрид во текот на 2021 година изврши вкупно 270 интервенции за гаснење(272 во 2020) на пожари и тоа:

-пожари на објекти -130(124 во 2020г) интервенција;
-пожари на отворен простор - 112(126 во 2020г) интервенции и
-пожари на сообраќајни средства - 28(22 во 2020г) интервенции.

Пожарите се појавени и интервенциите за гаснење на пожарите се извршени на подрачјето на општина Охрид 239 (248 во 2020г) и Општина Дебрца 30 (23 во 2020г) и Општина Струга 1 пожар ( 1 во 2020г) како асистенција на гаснење на пожар и помош на ТППЕ Струга.

**1.Пожари и интервенции за гаснење во Општина Охрид**

На подрачјето на Општина Охрид (градот со населените места)
Појавени се и интервенирано е за гаснење на вкупно 239 пожари и тоа:

-пожари на објекти -122(120 во 2020г) интервенции;
-пожари на отворен просор -95(107 во 2020г) интервенции и
-пожари на сообраќајни средства -22( 21 во 2020г) интервенции.

**2. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Дебрца**

На подрачјето на Општина Дебрца (сите населени места) појавени се и интервенирано е за гаснење на вкупно 30 пожари (23 во 2019г) и тоа:

-пожари на објекти -7 (3 во 2020г) интервенција;
-пожари на отворен простор -17(19 во 2020г) интервенции и
-пожари на сообраќајни средства -6(1 во 2020г) интервенции.

**3. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Струга**

Како помош и асистенција за гаснење на пожар по барање на Тппе Струга,ТППЕ Охрид изврши една интервенција за гаснење пожар во Општина Струга и тоа:

Пожари на објекти -1(1 во 2020г) интервенција;

Според наша интерна проценка на сите појавени пожари во 2021 година,настаната е поголема материјална штета само на 5 (10 во 2020 год) од сите видови во вкупна вредност од 850.000 (1.690.000,оо во 2020 год ).

-Материјална штета во Општина Охрид изнесува 650.000,оо денари (1.260.000,оо во 2020 ) и тоа:

а) на објекти - 400.000,оо денари

( 960.000,оо во 2020 )
б) на сообраќајни средства - 250.000,оо денари
( 300.000,оо денари )

-Материјалната штета во општина Дебрца изнесува 200.000.оо денари ( 430.000,оо во 2020 ) и тоа:

а) на објекти - 0,оо денари
( 430.000,оо во 2020 )
б) на сообраќајни средства - 200.000,оо денари
( 0,оо во 2020 )

Сите пожари со причинета и проценета материјална штета се во приватна сопственост.

Од вкупниот број на пожари и интервенции на ТППЕ Охрид во 2021 година сопственоста на објектите и просторот е:

-во приватна сопственост - 199 ( 183 во 2020 )
-во државна сопственост - 70 ( 87 во 2020 )
-во државно-приватна сопст. - 1 ( 2 во 2020 )

По основ на осигурување од пожар од вкупниот број пожари на објекти и простори во 2021 година пријавени како осигурани од пожар се само 4 објекти.

Како начин на предизвикување на пожарите според интерна проценка утврдено е:

-намерно палење - 58 пожари
-невнимание - 151 пожари
-неутврдено - 60 пожари

Како причина на појава на пожарите во 2021 година според интерна проценка на лице место утврдено е следното:

-отворен пламен - 81 пожар
-ложиште/огниште -97 пожари
-ел.апарати и уреди - 7 пожари
-ел.проводници - 7 пожари
-проводници загреани со оптеретување - 16 пожари
-самозапалување - 2 пожари
-останати причини - 2 пожари

Од пожарите на објекти во 2021 година појавени се на следните видови објекти:

-станбени згради и куќи - 112 пожари
-работна зграда - 1 пожар
-станбено-земјо.зграда - 2 пожари
-земјоделска зграда - 1 пожар
-барака - 1 пожар
-шупа - 3 пожари
-паркинг/гаража - 1 пожар
-трговски дуќан - 1
-занаетчиски дуќан - 3
-угостителски објект - 2
-хотел-мотел-камп - 2 пожари
-помошен погон - 1 пожар

Пожарите на отворен простор во 2021 година се појавени на следните видови простори:

-шуми - 12 пожари- површина 4 ха
-земјоделски површини - 12 пожари- површина 8,6 ха
-депонии и друго - 88 пожари- површина 1,2 ха

Пожарите на сообраќајни средства во 2021 година се појавени на следните видови возила:

-патничко моторно возило - 23 пожари
-работна машина - 1 пожар

## II. ТЕХНИЧКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

Во текот на 2021 година ТППЕ Охрид во ситуации од потреба на спасување на животот на граѓани и укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации изврши 53 технички интервенции ( 55 во 2020 ) и тоа:

-интервенции во услови на сообраќајни незгоди -10 интервенции ( 16 во 2020 )
-интервенции на испумпување на вода од поплавени простории - 1 интервенција ( 2 во 2020 )
-спасување на луѓе и др.од височини и длабочини - 3 интервенции ( 1 во 2020 )
-отворање на заклучени објекти - 25 интервенци ( 19 во 2020 )
-обезбедување,санирање на состојби после несреќи - 1 интервенции ( 3 во 2020 )
-несреќи со опасни материи - 1 интервенција ( 2 во 2020 )
-осветлување на терени - 1 интервенција ( / во 2020 )
-друго - 11 интервенци ( 12 во 2020 )

Техничките интервенции се извршени со 5 ПП возила,секое возило со своја специфична намена при употреба,со ангажирање на 158 пожарникари,со вкупно поединачно времетраење на интервенции од 52 часа:

- успешно завршени за време до 1 час - 41 интервенцја
- за време од 1 до 2 часа - 4 интервенции
- над 2 часа - 7 интервенции

## III.ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ТППЕ ОХРИД

Во придонес за поголема безбедност на подрачјето во Општина Охрид и Општина Дебрца во одредени случаи на потреба,задолженија,барања и наредби,ТППЕ Охрид во текот на 2021 година изврши вкупно 111 други активности ( 53 во 2020 ) и услуги и тоа:

-обезбедување на спортски натпревари -12 интервенци ( 6 во 2020 )
-обезбедување на објекти и друго -16 интервенции ( 5 во 2020)
-носење техничка вода и вода за пиење -63 интервенции ( 38 во 2020 )
-други активности и услуги -20 интервенции ( 4 во 2020 )

Сите претходно наведени други интервенции и активности се извршени со 5 ПП возила, сите со своја специфика за одредена потреба,со ангажирање на вкупно 197 пожарникари,со вкупно поединачно времетраење на интервенциите од 199 часа.

Согласно Правилникот за вршење на услуги со противпожарна техника и опрема ТППЕ Охрид во 2021 година оствари приход од финансиски средства вкупно

За сите претходно наведени пожари,техн.интервенции и други интервенции,одржување на објектот со цел нормално и безбедно функционирање на ТППЕ Охрид согласно **Програмата за финансиските потреби на ТППЕ Охрид за 2021 година** во текот на истата реализирани се и потрошени следните финансиски средства:

1.Гориво и масла за возилата - конто 421410 = 257.615,оо денари (планирани 300.000 )

2.Огревно дрво - конто 421420 -28 м.просторни=72.182 денари (планирани 80.000 )

3.Регистрација на моторни возила - конто 421420 -вкупно 6 ПП возила =52,766 денари (планирани 80.000 )

4.Поправка и одржување на ПП возила и друга опрема - конто 424190=68.620 денари

5.Колективно осигурување на пожарникарите – конто 425230=21.830 денари

**- 2021 ( 270 пожари на објекти+53 техни.интервенции+111 др.активно.)**
**- 2020 ( 272 пожари на објекти+55 техни.интервенции+53 др.активно.)**

**ВКУПНО АКТИВНОСТИ 2021 = 434**
**(2020) =380**

**Број 08-2982/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/81** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20),

Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 2982/20**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ - ОПШТИНА ОХРИД ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

Одделението за даноци во рамки на надлежностите на локалната самоуправа ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за даноци, изготвува решенија и ја следи наплатата на даноците.

**ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК**

Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година поднесена е **1521** даночна пријава за **данок на наследство и подарок** и формирани се исто толку предмети:

- За 1489 предмети изготвени се решенија;
- За 266 предмети изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжување за Општина Охрид по основа на издадени решенија по предмети од 2021 година изнесува 13.269.149,00 денари;
- За 1223 предмети изготвени се решенија со даночно ослободување;
- 4 предмети се во процедура пред проценувачите на недвижен имот;
- 20 предмети се повлечени од процедура;
- 8 предмети се некомплетни.

Во буџетот на Општина Охрид за 2021 година по основа на данокот на наследство и подарок планирани се приходи во износ од 6.000.000,00 денари. Во периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година по оваа основа остварени се приходи во износ од 11.000.374,00 денари или буџетот е реализиран 183,34 %. Од нив 10.265.891,00 денари се по предмети од 2021 година, а 734.483,00 денари се по предмети од претходните години.

Вкупното даночно задолжување за 2021 година по оваа основа изнесува 13.269.149,00 денари. Наплатата по предмети од данок на наследство и подарок од 2021

година изнесува 10.265.891,00 денар или процентуално наплатата изнесува 77,37 %, со состојба на 31.12.2021 година.

Од страна на даночните обврзници поведени се 2 управни спорови на решенија, чие решавање е во тек .

## ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година поднесени се **1348** даночни пријави за **данок на промет на недвижности** и формирани се исто толку предмети:

- За 1296 предмети изготвени се решенија;
- За 1249 предмети изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжување за Општина Охрид по основа на издадени решенија по предмети од 2021 година е во износ од 107.918.039,00 денари;
- За 47 предмети изготвени се решенија со даночно ослободување;
- 16 предмети се во процедура пред проценувачите на недвижен имот;
- 30 предмети се повлечени од процедура;
- 3 предмети се некомплетни;
- 2 предмети се отфрлени;
- 1 предмет е пренасочен.

Во буџетот на Општина Охрид за 2021 година по основа на данокот на промет на недвижности планирани се приходи во износ од 100.000.000,00 денари. Во периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година по оваа основа остварени се приходи во износ од 108.277.977,00 денари или буџетот е реализиран 108,28 %. Од нив 104.349.645,00 денари се по предмети од 2021 година, а 3.928.332,00 денари се по предмети од претходните години.

Вкупното даночно задолжување за 2021 година по оваа основа изнесува 107.918.039,00 денари, а наплатено по предмети од данок на промет на недвижности од 2021 година е 104.349.645,00 денари или процентуално наплатата изнесува 96,69% ,со состојба на 31.12.2021 год.

Од страна на даночните обврзници поведени е 1 управен спор на решение, чие решавање е во тек.

## ДАНОК НА ИМОТ

За периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година обработени се **3752** даночни пријави за данок на имот од кои 104 даночни пријави се од страна на даночните обврзници и 3648 по службена должност, **2353** даночни одјави за данок на имот и **807** пријави за промена на имоти истите се целосно обработени.

За 2021 година изготвени се **31.784** решенија за данок на имот од редовен облог (**31.142** решенија за данок на имот на физички лица и **642** решенија за данок на имот на правни лица) и **417** решенија за припис за 2021 година.

Вкупното задолжување по основа на донесени решенија за 2021 година изнесува 95.528.522,00 денари (редовен облог за физички лица 71.265.650,00 денари + редовен облог за правни лица 23.458.846,00 денари + припис 804.026,00 денари).

Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година изготвени се 548 решенија за данок на имот по припис за периодот 2017-2021 година, по службена должност, со задолжение во износ 2.858.310,00 денари.

Доставени се на даночните обврзници вкупно 28.955 решенија, односно 89,91 %.

Во буџетот на Општина Охрид за 2021 година по основа на данок на имот планирани се приходи во износ од 88.000.000,00 денари (65.000.000,00 денари од физички лица и 23.000.000,00 денари од правни лица). Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година остварени се приходи во износ од 93.908.195,00 денари ( 71.713.793,00 денари од физички лица и 22.165.864,00 денари од правни лица) или буџетот е реализиран 106,71 %.

Од страна на даночните обврзници поведени се 4 управни спорови со тужба до Управен суд Скопје, кои се во постапка. Исто така поднесени се 188 други барања по различни основи во врска со данокот на имот и истите се обработени.

## ПРИСИЛНА НАПЛАТА

Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година изготвени се **4170** опомени за неплатен долг по основа на данок на имот на физички лица во постапка на присилна наплата, **389** опомени за неплатен долг по основа на данок на имот на правни лица како и **57** опомени за неплатен долг по основа на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок. Во истиот период изготвенисе и **2300** решенија за присилна наплата на данок на имот и **16** решенија за присилна наплата на данок на промет и данок на наследство и подарок.

Во периодот од 01.01.2021до 31.12.2021 година изготвени се и 13 решенија за целосно или делумно запирање на постапката за присилна наплата и 33 решенија за ништовност.

## ДАНОЧНО КНИГОВОДСТВО

Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година книжени се 248 изводи со 29.042 ставки, 302 задолженија по решенија за данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок изготвени во *word*, 595 приписи за данок на имот и 121 книговодствено спроведување на решенија за пренасочување на парични средства.

Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година за потребите на даночното книговодство и присилната наплата извршено е книговодствено затворање на 41.629 ставки.

Во истиот период донесени се и **115** решенија за пренасочување на погрешно уплатени средства како и **20** решенија за поврат на паричен износ.

## ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА

Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година поднесени се вкупно **182** барања кои се однесуваат на: издавање потврди за даночни (не)обврзници на недвижен имот за комплетирање документи за аплицирање за социјални станови, социјална помош и закупнина, за пред судови, извршители, јавно обвинителство, државно правобранителство, УЈП и МВР,за комплетирање документи за виза за странство, за сместување во студентски дом, стипендија и постдипломски студии, барања од

институции, органи и физички лица за утврдување пазарна вредност на недвижен имот, барања од управен суд и виш управен суд за доставување списи и барања по други основи.

Сите поднесени барања се обработени и на истите се доставени одговори.

Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година извршено е вреднување и ревреднување на 979 индивидуални станбени згради (куќи), 854 станови, 294 гаражи, 289 помошни објекти, 114 деловни простори, 4 хотели, 7 административни згради и простори, 24 деловни згради ( производствени згради, магацини, хали и стоваришта) , 6 ресторани и 41 апартман. За потребите од вреднувањето и ревреднувањето изготвени се **2500** извештаи за проценка на недвижен имот на територијата на општина Охрид од кои 649 извештаи се однесуваат исклучително на земјиште (дворно место, градежно изградено и неизградено земјиште и земјоделско земјиште).

**ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2021 ВО ОДНОС НА 2020 ГОДИНА**

Во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година од данокот на наследство и подарок, данокот на промет на недвижности и данокот на имот остварени се вкупно 213.158.028,00 денари. Во буџетот по овие основи предвидени се приходи во износ од 194.000.000,00 денари, односно буџетот е остварен 109,87 %.

Во 2021 година остварените приходи по основа на даноци изнесуваат 213,158.028,00 денари и се за 33.976.440,00 денари повеќе од 2020 година кога изнесувале 179.181.588,00 денари.

- Кај данокот на наследство и подарок има зголемување за 5.175.597,00 денари ;
- Кај данокот на промет на недвижности има зголемување за 15.082.652,00 денари;
- Кај данокот на имот на физички лица има зголемување за 13.114.942,00 денари и
- Кај данокот на имот на правни лица има зголемување за 603.249,00 денари.

Причините за повеќе остварените приходи по основа на даноците на имот произлегуваат од зголемениот број на даночни пријави за данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности во 2021 година ( 675 повеќе од 2020 година), поголемиот облог на данок на имот за физички и правни лица, како и зголемената присилна наплата.

**Број 08 – 2982/21**
**15.03.2022 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/82**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/22**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**Годишен извештај**
**За реализација на програмата за спорт и рекреација 2021 год.**
**Периодод 01.01 до 31.12.2021**
**Програми Л0 и ЛА**

Создавањето услови за спортување на сите генерации,за правилен физички развој на младите генерации преку изградба,реконструкција и опремување на спортските сали,фудбалски игралишта,организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Во овој период се преземаа и активности за ставање во функција на фудбалскиот терен во поранешна касарна,како и изградба и реконструкција на други спортски и

забавни содржини со што би се овозможило за спортистите,рекреативците и најмладите уште еден спортско рекреативен центар во општина Охрид.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Поддршката на Сојузот на училишен спорт е од особено значење за учество во училишните лиги во повеќе спортови,но поради пандемијата од Ковид 19 и во овој период лигите во мали спортови не се одржаа.

Направена е целосна анализа на состојбата на спортските терени со програма за целосна санација и приоритет за изградба на спортски терени односно повеќенаменски игралишта таму каде ги нема .

Во соработка со владата на Р.Македнија,институтот за јавно здравје како и Агенцијата за млади и спорт на 10 ти мај се одбележа **Светскиот ден на физичка активност**.Во организацијата беа вклучени Сојузот за училишен спорт Охрид како и неколку клубови во поединечни спортови од општина Охрид,боксерскиот клуб Алексо Огненовски,теквондо клуб Хварнг ИТФ Лескоец,карате клуб Чоле,Охрид трчаТ детска атлетика,аеробик Кате,скејтери,планинарите Дејан Ангелоски и Мишко Танески,како и голем број рекреативци и ученици од основните и средните училишта.Настанот се одвиваше на Кеј Македонија согласно Ковид протоколи донесни од министерството за здраство.

Во овој период продолжи соработката со МОК и АМС за вложување во спортската инфраструктура во општина Охрид и активностите насочени кон подобрување на спортот во Општината Охрид .

Извршен е прием на Јован Стојоски атлетичар на АК Охрид,а кој е државен првак и рекордер во дисциплините на 100,200 и 400 метри.Тој ја претстави Македонија на Олимписките игри во Токио 2022 година во дисциплината 400 м.Стојоски доби финансиска поддршка од Општина Охрид.

Општината Охрид во рамките на своите можности а согласно Буџетската програма ЛО Спорт и рекреација за 2021 г. издвои средства во висина од **28.540.000,00** денари, а до крајот на извештајниот период искористени се **26.480.000,00** денари или изразено во проценти 95%.

Финансиските средства во програмата за Спорт и рекреација 2021 година се поделени во 4 ставки и тоа **КОНТО 425130** *ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР* со средства во висина од **3.400.000,00** денари,втората ставка е **КОНТО 463120** *ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ* средства во висина од **20.410.000,00** денари,третата ставка **КОНТО 464990** ДРУГИ ТРАНСФЕРИ со средства во висина **2.760.000,00** денари и четвртата ставка **ПРОГРАМА ЛА,КОНТО 482930** РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ со средства во висина предвидени се **600.000,00** денари,а реализирани **0 денари.**

Во однос на првата ставка се средства кој се наменети за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“-Охрид.
Средствата од оваа ставка се распределени на спортски клубови и здруженија кој се наоѓаат со седиште на територијата на општина Охрид,а кои учествуваа на јавен конкурс кој беше спроведен во јануари месец 2021 година.

За 2021 година субвенции добија 22 спортски клубови и здруженија за одржување на тренажен процес и натпревари,додека со субвенции беа подржани 13 спортски манифестации и настани.

ГРК„Охрид“,РК„Лихнид“,,КК„Колибри“,КБ„ГолденТим“ДООЕЛ„,ГФК„ОхридЛихнидос“ ,ЖФК„Билјанини Извори“,ОФС Охрид, ФК„ОСК Фер Плеј“, ФК „ЛА МАСИА“, ,ФК„Еврофудбал 2 Вардар“, „ФК Воска Спорт’’ ФК „Охрид Топ Тим“ , КК „Чоле“ ,АК

„Охрид“ ,АК „Охрид Трчат“ТК„Охрид“,ПК„Охридски Бранови 2008“Охрид ПК„Акваспирит’’Охрид ,ГКК„Охрид“ Охрид, „Теквондо клуб Хваранг ИТФ’’, „ФК Некст Левел”, „Голф клуб Охрид’’, „ТК Адвантико’’Охрид.

За искористените средства од субвенциите за 2021 година за користење на спортските терени при ЈП Билјанини извори-Охрид спортските клубови и здруженија доставија наративен извештај до одделението за спорт во општина Охрид заклучно со 15.01.2022 година.

Од втората ставка се Средствата наменети за финансирање на програми од спортски клубови и здруженија во висина од **20.410.000,00**,а заклучно со извештајниот период се искористени **20.410.000,00** денари,корисници се 24 спортски клубови и здруженија.

Средствата се распределени по претходен јавен повик кој беше спроведен во декември,2020 година,како и средства кој се доделени со одлука на комисија за финансии при совет на општина Охрид.

За искористените финансиски средства од буџетот на општина Охрид заклучно со 31.2.2021 година спортските клубови и здрженија доставија финансиски и наративни извештаи.

Од третата ставка од програмата за Спорт и рекреација 2021 година конто 464990 реализирани за извештајниот период се 2.670,000,00 денари.

Средствата беа наменети за подршка на програми од Сојузот за училишен спорт Охрид(училишна спортска лига),подршка на програми од лицата за посебни потреби и пензионери, подршка на спортски здруженија кои допринесуваат за развојот на подводните спортови,подршка на спортски манифестации,настани и проекти од областа на спортот кои покрај тоа што ја подигаат свеста кај населението да биде што повеке физички активно, тие допринесуваат за развојот на спортскиот туризам,вршат меѓународна промоција на Охрид и Македонија како спортско туристичка дестинација.

Со овие средства оваа година се даде подршка и на спортисти индивидуалци,односно на програмите од спортисти кој се дел од охридските клубови,а кој имаат повисоки достигнувања на национално и мегународно ниво во индивидуалните спортови.

Во текот на 2021 година општина Охрид со средствата предвидени во програмата за спорт и рекреација подржа 22 спортски манифестации,настани и проекти од областа на спортот,како и четворица спортисти индивидуалци.

Средствата од ова конто беа распределени по претходно објавен јавен повик кој беше распишан во декември 2020 година, како и средства кој се доделени со одлука на комисија за финансии при совет на општина Охрид.

Заклучно со 31.12.2021 година сите корисници на финасиски средства од ова конто од буџетот на општина Охрид доставија финасиски и наративни извештаи.

Во поднесените финансиски и наративни извештаи се гледа дека добиените средства од буџетот на општина Охрид спортските клубови и здруженија,спортски манифестации,настани,проекти и спортисти индивидуалци ги искористиле наменски,односно во најголем дел се однесуваат на купување опрема ,патувања согласно поднесената програма,исплата на средства кон федерации за котизации,исплата средства за судии,хонорари за ангажирани лица,тренери,физио терапевти, медицински лица и играчи.

***Трансфери од конто 463120 и 464990***

| | |
|---|---|
| ГРК „Охрид“АД Охрид | 8.000.000,00 |
| ГКК„Охрид“ Охрид | 1.600.000,00 |
| ГФК„Охрид-Лихнидос“ Охрид | 6.000.000,00 |
| ФК„Воска Спорт“ Охрид | 2.750.000,00 |
| ЕК Акватика Јахтинг „Едриличарска регата | 230.000,00 |

| | |
|---|---|
| 2021” | |
| Регата во едрење „Sail O’Clock” – Аматер(Културолошка 5 до 12) | 50.000,00 |
| ШК„Ласкер“ Охрид | 110.000,00 |
| БК„Алексо Огненовски“ Охрид | 300.000,00 |
| ККК„Стрмец“ Охрид | 230.000,00 |
| РК „Лихнид”-Охрид | 150.000,00 |
| РД„Св.Апостол Петар“ Охрид | 80.000,00 |
| ФК„Ла Масиа“ Охрид | 30.000,00 |
| ФК„Некст Левел“ Охрид | 40.000,00 |
| ФК.ОСК„Фер Плеј“ Охрид | 200.000,00 |
| ФК.„Охрид Топ Тим” | 130.000,00 |
| ФК.„Копенхаген” | 80.000,00 |
| ФК„Евро Фудбал“ Охрид | 30.000,00 |
| СК„Лихнидос“ Охрид | 80.000,00 |
| СК„Охрид“ Охрид | 100.000,00 |
| Фудбалски клубови ОФС-Охрид | 120.000,00 |
| АК„Охрид“ Охрид | 230.000,00 |
| РК „Сани 14” | 30.000,00 |
| „ХВА-ранг-ФИСТ” Охрид | 150.000,00 |
| Тениски клуб „Охрид” | 20.000,00 |
| Планинско лудило „Денот на Галичица” | 130.000,00 |
| НЦ„Амфора’’ | 100.000,00 |
| ТК Адвантико-Тенис за сите | 80.000,00 |
| ФК Рудар-с.Куратица | 40.000,00 |
| ФК.Куршум-с.Д.Лакочереј | 30.000,00 |
| АК.Охрид трчаТ-„Охрид трчаТ 2021’’ | 400.000,00 |
| ‘’100 години фудбал во Охрид’’Охрид њуз | 120.000,00 |
| ПК Охридски бранови 2008<br>„Мал илинденски пливачки маратон’’<br>„Пливачки маратони 5к и 10к’’<br>„Меѓународен ватерполо турнир’’ | 240.000,00 |
| НЦ „Акватек” | 80.000,00 |
| Клуб за подводни дејности „Охрид” | 120.000,00 |
| Меѓународен пливачки митинг „ОХРИД Опен”-ПК Акваспирит<br>„Пливаме во сино”-ПК Акваспирит | 130.000,00 |
| Меч Рејс Куп-Меч Рејс клуб Охрид | 50.000,00 |
| Охрид Ултра Траил-Спорт за Сите-Сите за Спорт Охрид | 400.000,00 |
| Сојуз за училишен спорт Охрид | 150.000,00 |
| Мегународен Карате турнир „Охрид Опен”<br>КК „Чоле’’-Охрид | 80.000,00 |
| Ана Стојановска(родител/старател Стојмир Стојановски) | 35.000,00 |
| Ива Кецкарова | 25.000,00 |
| Дејан Ангелоски | 90.000,00 |
| Игор Димоски | 40.000,00 |

Краток опис по поднесениот наративен и финасиски извештај од секој спортски клуб,здружение,спортска манифестација,настан,проект и спортист индивидуалец кој е корисник на финасиски средства од програмата за спорт и рекреација за 2021 година.

**ГРК „Охрид“ – Охрид**

Континуирана подршка на најуспешниот клуб во градот,во склоп на клубот работат пионерско младинските школи кој се натпреваруваат во соодветните лиги.Клубот во тековната 2020-2021 година играше во плеј оф на ракометната супер лига на Македонија.За 2021 година е прогласен за најдобар клуб во општина Охрид.Согласно поднесениот финансиски и наративен извештај средствата во висина од 8.000.000,00 денари се искористени за патувања,храна,ресторански и хотелски услуги,хонорари за играчи,тренери,стручен штаб,физиотерапевт,медицински лица,сместување,опрема за клубот,средства за судии и котизации.

**ГКК „Охрид’’-Охрид**

Клубот веќе втора сезона се натпреварува во втората кошаркарска лига на Македонија,во рамките на клубот работи и кошаркарска школа во сите категории,за машки,женски над 100 деца.Согласно финасискиот извештај од сектор за финансии префрлени се средства од 1.590.000,00 денари конто 463120 и 10.000,00 денари од конто 463990,а согласно поднесениот извештај искористени за спортска опрема,хонорари за играчи,тренери,котизации,храна,сместување,средства за исплата на судии и делегати,патувања.

**ГФК„Охрид-Лихнидос“ Охрид**

Клубот се натпреварува во втората македонска фудбалска лига,во рамките на клубот има пионерска,кадетска и младинска екипа кој се натпреваруваат со успех во соодветните лиги.Во 2021 година на клубот од ова конто се исплатени 5.670.000,00 денари,а од конто 464 990 се исплатени уште 330.000,00 денари или вкупно 6.000.000,00 денари.По поднесениот извештај средствата се искористени за хонораи за играчи,стручен штаб,медицински лица,надоместоци за делегати и судии,трошоци за припреми,превоз,трошоци за сместување и храна,набавка на опрема,котизации и други расходи.

**ФК„Воска Спорт“ Охрид**

Клубот оствари успех со влегување во втората македонска лига и успешно се натпреварува во истата.Во рамките на клубот работи и фудбалска школа.По поднесениот извештај средствата во висина од 2.750.000,00 денари се искористени за хонорари за играчи и стручен штаб,тестови за Ковид 19,превоз,котизации и лиценци за стручно усовршување на тренери,спортска опрема и други расходи.

**ШК„Ласкер“ Охрид**

Развој на шаховскиот спорт,учество на домашни и мегународни турнири и остварени солидни резултати.Школата во континуитет работи со млади таленти.Средствата во висина од 110.000,00 денари се искористени за превоз,котизации,набвка на медали,книговотствени услуги,награден фонд за првенство одржано во Охрид.

**БК„Алексо Огненовски“ Охрид**

Клубот успешно се натпреварува во мадонската боксерска лига и има учество на меѓународни натпреварувања.Членови на клубот се дел од Македонската боксерска репрезентација.Средствата се искористени за специфични подготовки во Охрид,учество на Европското првенство за кадети во Софија-Бугарија,набавена спортска подлога за просториите на клубот „Recreation 60’’ од Србија со што се подобрија условите за тренажен процес,котизации,храна,патни трошоци.

**РД„Св.Апостол Павле“ Охрид**

Учества на државни натпревари и организација на риболовен државен натпревар во Охрид.Средствата од 80.000,00 денари се искористени за риболовна опрема,превоз,гориво,организација на државен натпревар во Охрид.

**ФК„Ла Масиа“ Охрид**

Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 60 деца.Средствата од 30.000,00 денари се искористени за превоз до Р.Србија за учество на фудбалски турнир. Средствата се доделени со одлука на комисија за финансии при совет на општина Охрид.

**ФК„Некст Левел“ Охрид**

Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 80 деца.Средствата од 40.000,00 денари се искористени за превоз до Р.Србија за учество на фудбалски турнир и набавка на спортска опрема за потребите на школата.Средствата се доделени со одлука на комисија за финансии при совет на општина Охрид.

**ФК.ОСК„Фер Плеј“ Охрид**

Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 120 деца.Средствата од 80.000,00 денари се искористени за превоз до Р.Србија за учество на фудбалски турнир и набавка на спортска опрема за потребите на школата.

За организација на традиционалниот меѓународен турнир **Фер Плеј Куп** за млади категории се искористени 120.000,00 денари.

Турнирот 2021 година го имаше неговото 10 јубилејно издание.

Турнирот се организира за деца од 7 до 14 годишна возраст на што земаат учество екипи од земјата и од околните Балкански држави.Средствата во висина од 120.000,00 денари согласно извештајот се искористени за хонорари за судии,печатење маици,вода,храна,сместување,ангажиран туристички водич,медали и пехари. Период на одржување 27-30 август 2021година.

**ФК.„Охрид Топ Тим’’**

Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 80 деца.Вкупно добиени и искористени средства за клубот се во висина од 130.000,00 денари од кој 30.000,00 денари се исплатени од конто 463120,а останатите 100.000,00 денари се префрлени од конто 464990.Од вкупните средства 30.000,00 денари се искористени за лекрски прегледи,котизации за турнири и учество на семинари.Останатите 100.000,00 денари се искористени за организација на традиционалниот фудбалски турнир за млади категории Охрид Трофеј топ Тим.

**„Трофеј Охрид’’-ФК Топ Тим-Охрид**

Турнир во фудбал за млади категории од 09-13 јули,во организација на ФК Охрид Топ Тим-Охрид, во 2021 година е негово 6-то издание.Турнирот е од меѓународен карактер,но заради пандемијата од Ковид 19 оваа година имаше само екипи од Макдонија и тоа 18 со вкупно учесници 400 во три генерации,2008,2010 и 2011.Добиените средства во висина од 100.000,00 денари согласно финасискиот извештај се искористени за хонорари,матријални трошоци,медали и пехари.

**ФК.„Копенхаген’’-Охрид**

Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 50 деца.Средствата од 30.000,00 денари се искористени за набавка на спортска опрема и превоз за потребите на школата.

**‘’Балкански надежи’’-детски фудбалски турнир**

Во организација на ФК Копенхаген-Охрид во период од 17.07-01.08.2021 година.Негово 2 издание.Учество зедоа екипи од Македонија.Финасиските средства во висина од 70 илјади денари се искористени за хотелско сместување на екипи за турнирот,како и за тековни трошоци во организација на истиот.

**ФК„Евро Фудбал“ Охрид**

Фудбалска школа која работи со деца од 6 до 14 години,во рамките на школата има над 100 деца.Средствата од 30.000,00 денари се искористени за превоз до Р.Србија за учество на фудбалски турнир. Средствата се доделени со одлука на комисија за финансии при совет на општина Охрид.

**СК„Лихнидос“ Охрид**

Редовни учесници на државни и меѓународни првенства.Членови од клубот се дел и од Македонската Стрелачка репрезентација.Средствата во висина од 80.000,00 денари се искористени за котизации,набавка на стрелачка опрема,превоз и храна за стрелци,шпедитертски трошоци при набавка на оружје.

**СК„Охрид“ Охрид**

Редовни учесници на државни и меѓународни првенства.Членови од клубот се дел и од Македонската Стрелачка репрезентација. Средствата во висина од 100.000,00 денари се искористени за котизации,набавка на стрелачка опрема,превоз и храна за стрелци,шпедитертски трошоци при набавка на оружје и трошоци за организација на меѓународен турнир во стрелање „Илинден 2021”.

**Фудбалски клубови „ОФС-Охрид’’**

Во рамките на ОФС Охрид се опфатени општински фудбалски клубови кој се натпреваруваат во општинската фудбалска лига која е дел Фудбалската федерација на Македонија.Средствата од 120.000,00 денари кој се префрлени на ОФС Охрид се наменети за плаќање на котизација за натпреварување на општинските фудбалски клубови во општинската фудбалска лига во рамките на ФФМ.

**АК„Охрид“ Охрид**

Клубот со своите членови редовно се натпреварува на државните и меѓународни натпреварувања.Членови од клубот се дел од Македонската Атлетска репрезентација.Во 2021 година еден од најдобрите атлетичари во Македонија,Јован Стојоски кој е рекордер на 200м и 400м и со најдобро време на 60м и 100м беше претставник од Македонија на Летните Олимписки игри во Токио.Тој е избран и за најдобар спортист во општина Охрид,кој не е жител на Охрид.Средставата од 230.000,00 денари се искористени за патувања во странство,хотелско сместување за Јован Стојоски при припремите за Олимпијада.Средства од 30.000,00 се искористени за награда на членот на клубот Марија Стојаноска која се натпреварува на 100м и 200м и е една од подобрите во овие дисциплини во Македонија.

**РК „Сани 14’’-Охрид**

Ракометна школа која работи со деца од 6 до 14 годишна возраст.Средствата од 30.000,00 денари се искористени за опрема и организација на натпревари во млади категории. Средствата се доделени со одлука на комисија за финансии при совет на општина Охрид,а по предлог на градоначалник на општина Охрид.

**„ХВА-ранг-ФИСТ” Охрид**

Теквондо клуб од Охрид кој континуирано се натпреварува на поединечните и екипните државни и меѓународни првенства.Во клубот функционира и школа за теквондо.Добиените средства од 80.000,00 денари се искористени за котизации за меѓународни турнири,превоз,ПСР тестови и патничко и спортско осигурување на членовите од клубот. Средства од 70.000 денари се искористени за организација на меѓународен турнир „Охрид Опен 2021’’. Турнирот се одржа на 12.09.2021 година со такмичари од Македонија,а поради состојбата со Ковид 19,најавените учесници од другите држави го откажаа своето учество,единствено имаше претставници од Албанската Теквондо федерација или вкупно 110 натпреварувачи.Вкупно искористени средства за 2021 година се 150.000,00 денари.

**Тениски клуб „Охрид”**

Клубот работи долги години и е двигател на тенисот во Охрид.Членови на клубот се дел од Македонската тениска репрезентација.Овој минимум на искористени средства од 20.000,00 денари ги има за покривање на тековни трошоци во клубот.

**Тенис за сите-ТК „Адвантико”**

Проект со кој се врши популаризација на тенисот како спорт помеѓу младите на територијата на општина Охрид.Целна група се деца од основните и средните училишта во општина Охрид.Тениската школа ја посетуваа околу 100 деца,а со средствата од овој

проект се обезбедуваат реквизити за школата и се обезбедуваат подобри услови за работа на тенискиот терен во Славија.Со средствата во висина од 80.00,00 денари обезбедена е тениска опрема,топчиња,рекети,патики и други реквизити кои се потребни за подобрување на тренажниот процес на децата.

**ФК „Рудар’’-с.Куратица**

Клубот се натпреварува во општинската фудбалска лига.средствата од 40.000,00 денари се доделени со одлука на комисија за финансии при совет на општина Охрид.Средствата се искористени за купување спортска опрема за играчите од клубот.

**ФК „Куршум’’-с.Д.Лакочереј**

Клубот се натпреварува во општинската фудбалска лига.Средствата од 30.000,00 денари се доделени со одлука на комисија за финансии при совет на општина Охрид.Средствата се искористени за купување спортска опрема за играчите од клубот,а во склоп на клубот функционира и фудбалска школа под името Галактикос во кој тренираат деца од 6 до 14 години.

**„Сојузот за училишен спорт Охрид’’-Охрид**

Заради пандемијата со Ковид 19 во текот на 2021година не се организираа училишните спортски лиги за основни и средни училишта,додека средствата од 150.000,00 денари беа наменети за организација на 10 ти мај **Светскиот ден на физичка активност** во кој зедоа учество над 300 учесници,ученици и членови на клубови од поединечни спортови во општина Охрид.Дел од средствата се искористени за книговетствени услуги.

**НЦ „Амфора’’-Охрид**

Со средствата добиени од буџетот во текот на 2021 година го реализираа проектот ПОДВОДНА ЕКО ПАТРОЛА.Преку проектот во текот на целата година извршено е подводно фотографирање и снимање,изработени се карти со зони на загаденост во Охридското езеро,направен е извештај за загаденост на езерото, негово следење со загаденост од цврст отпад како и делување на еколошката свеста кај населениото за заштитата на езерото.Финасиските средства од 100.000,00 денари по поднесениот извештај се искористени за дневници на ангажирани нуркачи,гориво и изнајмување на пловни објекти,флаери,монтажа на снимен видео матријал и фотографии,како и за набавка на филтри за компресори.

**НК „Акватек’’**

Средствата добиени од буџетот во висина од 80.000,00 во текот на 2021 година реализираа 15 подводни еколошки акции во кој од езерото беше изваден најразличен отпад,вреќи со пластика,шишиња,предмети од домаќинствата,автомобилски и тракторски гуми и уште мно друг најразличен отпад кој го уништува езерото.Акциите беа проследени од електронските медиуми со цел подигање на свеста за чување на животната средина и активно вклучување на населението во акциите.Сите еколошки акции беа спроведени кај плажата Сараиште во стариот дел на Охрид.Согласно поднесениот извештај средствата се искористени за набавка и сервисирање на дел од нуркачката опрема,набавка на масло и филтри,како и за матријали за изведените еко акции.

**„Клуб за подводни дејности Охрид”-Охрид**

Со добиените средства во висина од 120.000,00 денари во текот на 2021 година го реализираа проектот „ГО ЗАШТИТУВАМЕ ЕЗЕРОТО ЗА НАС,ЗА СИТЕ,ЗА ИЗДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ’’.Согласно поднесениот извештај реализирани се пет еколошки акции од страна членовите на клубот на различни локации во Охридското Езеро,градско пристаниште,канал студенчишта,,извори на Црн Дрим кај СВ.Наум,село Трпејца како на уште неколку други локации низ Макдонија(Преспа,Дојран,Маврово) и во Хрватска,Цавтат со што покрај соработката со тамошниот клуб за подводни дејности се изврши и промоција на Охрид и Охридското езеро како одлична дестинација за развој на овој спорт.

Согласно финасискиот извештај средствата се искористени за исплата на хонорари во висина од 30% од средствата,останатите се за транспорт,хотелско сместување,канцелариски матријали,масло за компресори, гориво за пловни објекти,изнајмување простории за клубот,семинари и публикации.

**„Денот на Галичица”-Планинско лудило**

Планинарско велосипедски настан кој има за цел промоција на здрави животни навики, љубов кон природата,планината, како и подигнување на еколошката свест за зачувување на автентичноста на НП. Галичица.Главниот настан се организира на 19 до 20 јуни, на кој имаше над 600 учесници од земјата и странство,кој заеднички го искачија врвот Магаро на планината Галичица.

На настанот им претходеа 10 еко акции за расчистување на Галичица,3 велосипедски тури од кој 2 планински и една околу Охридското езеро,како и за прв пат републичка акција МАГАРО,на кој зедоа учество планинари од цела Македонија.

Согласно финансискиот и наративен извештај средствата во висина од 130.000,00 денари се искористени за ангажирање на водичи во планина,медицински лица,обезбедување,теренски возила,хонорари за ангажирани лица за логистика,вода,сокови,енергетски пијалоци,житарки,овошје.

**„Охрид Ултра Траил’’-Спорт за Сите-Сите за Спорт Охрид**

Меѓународен спортки настан од 17-19 септември во планинско трчање кој се одвива во НП Галичица.Во 2021 година е негово трето издание на кој зедоа учество 345 тркачи од кој 225 странци, а останатите од Македонија.Во склоп на Охрид Ултра траил има 4 трки и тоа на 22км Летница Ултра,40км Самотска траил маратон,60км Галицица Ултра и 100км Охрид Ултра траил.

Согласно поднесениот извештај за 2021 година,средствата во висина од 400.000,00 денари се искористени за набавка на маици,капи,марами,компресивни чорапи и хонорари за ангажирани лица за организација на настанот.

**„Мал Илинденски пливачки маратон”-ПК Охридски бранови 2008**

Спортски настан кој традиционално се одржува веќе 30 години на 2 август.На последно издание зедоа учество над 50 пливачи од сите пливачко клубови во Македонија на патеката од 2,5 км која беше поставена на потегот од хотел Палас до хотел Милениум.

Согласно извештајот средствата во висина од 120.000,00 денари се искористени за хонорари за судии,превоз,храна,вода,печатење маици,дипломи,електронско мерење на време,пехари и медали.

**„Пливачки маратони 5км и 10км”-Охридски бранови 2008**

Трето негово издание,се одржа на 2 август 2021 година со учество на 15 пливачи од нашата држава.Заради пандемијата од Ковид 19,пливачите надвор од Македонија го откажаа своето учество.Се пливаше на кружна патека на потегот од пред хотел Палас до хотел Милениум на Кеј Македонија.

Согласно извештајот средствата во висина од 100.000,00 денари се искористени за хонорари за судии,превоз,храна,вода,печатење маици,дипломи,електронско мерење на време,пехари и медали.

**„Мегународен Ватерполо турнир”-ПК Охридски бранови 2008**

Во 2021 година турнирот беше од ревијален карактер на екипи од Охрид,Струга,Скопје и Белград.Турнирот се одржа на 5-6 септември на плажа-пливалиште во с.Пештани.

Согласно извештајот средствата во висина од 50.000,00 денари се искористени за превоз,храна,вода,печатење маици,дипломи,пехари и медали.

**Регата во едрење „Sail O’Clock”- Аматер(Културолошка 5 до 12)**

Прво издание во коорганизација со Едрличарски клуб„Пират”-Охрид.Едриличарската регата „Sail O’Clock” се организира во класата Оптимист за категориите согласно натпреварувачките правила.Датум на одржување е 20.07.2021 година.

Согласно извештајот финасиските средства од 50.000,00 денари се искористени за трошоци на ангажирање на 4 регатни пловни објекти,4 судии,бензин за пловни објекти,ветровки,плакети од плексиглас за победниците во 3 категории по 3 награди и ангажирање на фото и видео.

**„Меч Рејс Куп’’-Меч Рејс клуб Охрид**

Дисциплина во спортско едрење во кој меѓусебе се натпреваруваат повеќе тимови во две идентични едрилици.На второто издание зедоа учество три клубови и тоа два клубови од Охрид и еден од Скопје.Заради пандемијата од Ковид 19 своето учество го откажаа тимови од Струга,од Италија и од Грција.Настанот се реализираше од 21ви до 24ти Октомври 2021 година.

Согласно извештајот финсиските средства од 50.000,00 денари се искористени за трошоци на ангажирање на пловни објекти,хонорари за судии и организационен одбор,бензин за пловни објекти,награди,пехари,медали,коктел за завршна церемонија,персонален данок.

**ЕК„Акватика Јахтинг“-Охрид**

Во рамките на клубот работи школа за деца од 7 до 18 години во текот на целата година.Средствата во висина од 120.000,00 денари се искористени за спортска опрема,рекламен матријал за школата,безбедносна опрема за функционирање на школата.

**„Едриличарска регата 2021”- ЕК Акватика јахтинг**

Спортски настан од меѓународен карактер која се одржа од 20 до 24 септември 2021 година.На регатата зедоа учество 6 тимови од Македонија,Бугарија и Србија.Се натпреваруваа 26 натпреварувачи во класата Оптимист,8 натпреварувачи во класта ILCA 4 и 7 тимови во класата 470.

Согласно поднесениот извештај средвата од 110.000,00 денари се искористени за гориво за регатен брод,судиски гумењаки и гумењак за логистика,пехари,дипломи,,знаме,ланч пакети,пијалоци,сместување во хотел,за ангажман на медицински лица и амбулатно возило од Црвен Крст Охрид и ангажман за спасители на вода.

**ККК„Стрмец“ Охрид**

Кајак клубот Стрмец е еден постарите клубови во Охрид и во континуитет се натпреварува на првенствата на Македонија во кајак и кану и на многу меѓународни такмичења.Средствата од 140.000,00 денари се искористени за набавка на 6 нови кајаци за потребите на клубот од Република Полска и дел за храна,сместување и превоз.

**„Кајакарска регата 2021”-КК Стрмец**

**21 ва** Традиционална меѓународна кајакарска регата во кајак и кану која се одржа на 02.08.2021 година.Учесници на регатата се клубови од Македонија,Полска,Кипар,Грција и Србија. По доставениот извештај финансиските средства од 110.000,00 денари се искористени за купување на медали,пехари,пансионски услуги за гости на регатата и храна.

**„Охрид трчаТ 2021’’-АК Охрид трчаТ**

Традиционалната Спортска манифестација “Охрид трчаТ” е настан од јавен и општествен интерес и како таков е еден од најмасовните и најдобро организирани спортски настани во Македонија,се одржува традиционално првиот викенд во месец јуни,надвор од туристичка сезона.Заради ограничувањата од Ковид 19 на 5-то јубилејно издание зедоа учество околу 800 натпреварувачи од 18 земји во двете трки на 5км и 21км. Во организација на настанот се вклучени над 250 лица (технички персонал,судии,прва помош,редари,приватно обезбедување,волонтери,организација).

Средства од 400.000,00 денари се искористени за набавка на електронски стратни чипови за мерење на време на тркачите,сместување и храна за гости и набавка на медали за сите учесници.

**Мегународен Карате турнир „Охрид Опен”-КК „Чоле’’-Охрид**

Охрид опен се одржа на 3-ти јули после меркиите кои забрануваа настани на затворено,во училишната сала на ООУ христо Узунов Охрид.Ова издание на турнирот беше со цел да се продолжи континуитетот и затоа на борилиштата беа такмичари само од македонија,а останатите држави го откажаа своето учество заради Ковид 19 пандемијата.На турнирот зедоа учество 124 такмичари од 9 клубови од нашата држава.Средствата од 80.000,00 денари се искористени за исплата на дневници и судски такси на официјални лица,печатење на маици.

**Меѓународен пливачки митинг „ОХРИД Опен”-ПК Акваспирит**

Прво издание на меѓународниот пливачки митинг Охрид Опен кој се одржа на 15.08.2021 година во отворениот пливачки базен „Атина Бојаџи’’ при ЈП„ Билјанини извори’’-Охрид.На митингот зедоа учество над 150 пливачи од Македонија,Албанија,Србија и Косово.

Согласно поднесениот извештај средсвтата од 80.000,00 денари се искористени за набавка на медали,пехари,печатарски услуги,озвучување,графички дизајн,хонорар за судии и електронско мерење на време.

**„Пливаме во сино”-ПК Акваспирит**

Проект кој е реализиран заеднички со Центарот за рана интервенција и третман кај деца со нарушување од аутистичен спектар-Охрид,а носител е Пливачкиот клуб Акваспирит Охрид.

Најголен дел од проектот е реализиран во отворениот пливачки базен „Атина Бојаџи” при ЈП „Билјанини извори”-Охрид,а помал дел на градската плажа кај Студенчишко блато.Период на реализација е јули-септември 2021 година,а реализирани се 60-тина тренинзи со децата.Средствата од 50.000,00 денари искористени се за хонорари на двајца тренери,еден специјален едукатор и набавка на опрема.

**„100 години фудбал во Охрид’’-Охрид њуз(ohrid news)**

Во годината кога се навршуваа 100 години кога за прв пат во Охрид почнало да се игра фудбал,со средства во висина од 120.000,00 денари општина Охрид го подржа снимањето на документарниот филм „100 години фудбал во Охрид”во продукција на Нимо-Охриднуз дооел Охрид.Документарниот филм ќе остави траен белег за едно богато спортско минато на Охрид и охригани.Средствата се искористени за набавка на софтвер,како за снимање и едитирање на видео матријалот за документарниот филм,плаќање на хонорари за ангажирани лица и банкарски провизии.

**Ана Стојановска-млад надежен тенисер од Охрид.**

Доделените средства од 35.000,00 денари се искористени за тренинзи и учество на домашни и меѓународни натпревари,сместување,авионска карта како и купување на дел спортска опрема.Таа во 2021 година постигна одлични резултати,до 14 години(освои едно отворено првенство)и 2 првенства на Македонија до 16 години(едно првенство)Годината 2021 ја заврши како првопласирана на листата на јуниорки на Тениската федерација на Македонија.Учествуваше на повеќе првенства надвор од Македонија,а најголем успех е полуфинале на двете Источноевропски првенства во Турција**.**

**Ива Кецкарова-млад надежен тенисер од Охрид**

Доделени средства во висина од 35.000,00 денари се искористени за купување спортска опрема и реквизити,патувања во земјата и странство каде што зеде учество на тениски турнири.

**Дејан Ангелоски-планинско трчање**

Најдобар тркач во Македонија за 2021 година во Планинско и Скај трчање,а воедно и спортист на општина Охрид за 2021 година.

Согласно финасискиот извештај средствата од 90.000,00 денари ги искористил за набавка на спортска опрема,авионски билети,автобуски билети,хонорари за тренер,котизации за трки,сместување и храна.

**Игор Димоски**

Средства од 40.000,00 денари се доделени со одлука на комисија за финансии при совет на општина Охрид за учество на Балканско првенство во фитнес во Белград Р.Србија.

Спортските манифестцации/настани кои беа дел од програмата за спорт и рекреација 2021 година, Меѓународниот теквондо настан„Охрид Опен 2021” во организација на „Хваранг Фист-Лескоец”,Куп во едрење на Охридското езеро-„Охрид салинг кап 2021” „Отворени Голф денови” во организација на „Голф клуб Охрид” и „Меѓународен Баскет турнир” во организација на ГКК Охрид не се одржаа,организаторите ја откажаа нивната организација за 2021 година.

**Број 08 – 2982/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/83** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/24**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2021 ГОДИНА**
**за периодот 01.01.2021 – 31.12.2021 година**

Социјалната заштита игра клучна улога во јакнењето на заедницата, како и поддршка на сите засегнати страни со цел подобар и поквалитетен живот на сите засегнати лица кои живеат на територијата на општина Охрид.

Основните цели на активностите за социјална заштита за 2021 година генерално беа насочени кон:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон утврдување и задоволување на потребите и интересите во областа на социјалната заштита и
- Изнаоѓање форми за утврување на фактичката состојба, предизвиците и можностите на локално ниво.

За таа цел активностите на општина Охрид во областа на социјална заштита во 2021 година беа насочени кон поддржување и помагање при остварувањето на целите на Програма и употреба на сите неопходни мерки, средства и механизми кои беа потребни за реализирање на активностите и проектите за 2021 година.

Финансирањето на активностите од областа на социјалната заштита кои се реализираа во 2021 година беше обезбедено од средства на донатори, Министерство за труд и социјална политика и од буџетот на општина Охрид. Износот на средства со кои општина Охрид учествуваше изнесува 3.509.012,00 денари , а донатори со вкупен износ од 648.000,00 денари.

**Предвидени средства за 2021 година: 4.670.000,00**
**Реализирани средства:3.509.012,00 денари**
**Процент на реализација:75,1 %**

***Реализирани проекти и активности***

| | О П И С | РОК | НОСИТЕЛ | ИЗВОР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | *Општински средства* | *Донатори* | *Институции* |
| | **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ и АКТИВНОСТИ** | | | | | | |
| 1. | Општинско корисна работа - „Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните”- Отворени можности за еднакво образование за сите деца. Ангажирани 10 образовни асистенти во основните училишта училишта | Од 1ви октомврido 10 Јуни 2021 | Општина Охрид, Агенција за вработување,Министерство за труд и социјална политика | Проектот е тековен и завршува во 2022 година | 374.400,00 денари | УНДП 345.600,00 денари | |
| 2. | Реализирана активност за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.Опфатени се лица кои се корисници на постојана парична помош, невработени лица и лица кои имаат инвалидитет или тешка болест. | Во текот на целата година | Општина Охрид | | 2.034.612,00 денари | | |
| 3. | Поддршка на Дневен центар за лица со интелектуална попреченост „Зраци’’, | Во текот на целата година | Општина Охрид | | 720.000,00 денари | | |
| 4. | Поддршка на Дневен центар за лица со интелектуална попреченост „Св Горгија”. | Во текот на целата година | Општина Охрид | | 80.000,00 денари | | |
| 5. | Проект „Ги запознаваме ретките болести’’ поддршка за подигнување на јавната свест за постоењето на ретките болести | Во текот на целата година | Општина Охрид | | 300.000,00 денари | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | преку кампања. Целта е да се запознаат граѓаните со ретките дијагнози од кои заболуваат најчесто помладите генерации. | | | | | | |
| 6 | Персонална асистенција за лица кои имаат потешка или најтешка форма на физичка попреченост – проектот не се реализира во 2021 година и неговата реализација се предвидува во 2022 година. | | Општина Охрид | | Предвидени за 2021 година 1.300.000,00 денари | | |

**Број 08-2982/25**
**15.03.2022 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/84** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата, средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.01.2021 – 31.12.2021 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

- **Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање 2021 г.**

Оваа година поради пандемијата предизвикана од корона вирусот беше изоставена традиционалната културно-верска манифестација „Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање“.

Предвидените финансиски средства беа наменети за децата од социјално загрозените семејства. На плоштадот “Св.Климент Охридски“ каде беше поставена макетата со Божиќната пештера, беше поставена и кутија во која децата од основните училишта испраќаа пораки со желби за добро здравје на сите болни лица од ковид 19.

Исто така храна во вид на вода, сокови и овошје беа доделени во ковид центрите во Охридската болница.

- **Богојавление – Водици 2021**

Поради пандемијата од КОВИД 19, годинава не беше организирано традиционалното фрлање на Светиот крст во водите на Охридското Езеро од градското пристаниште во Охрид.

Со одлука на Дебарско-кичевската епархија, на 19-ти јануари, празникот Богојавление – Водици беше одбележан само во црковните храмови со осветување на вода во која беше извршен богојавленскиот водоствет.

Предвидените финансиски средства за оваа манифестација беа наменети за социјални пакети на лицата од социјално –загрозени семејства.

Исто така дел од средствата предвидени за богојавленската прослава, оваа година беа наменети за креирање на новата веб страница www.bogojavlenie-ohrid.mk , на која се поместени низа содржини за прослава на празникот Богојавление-Водици во Охрид.

- **„Прличеви беседи“ 2021 година**

На годинашните „Прличеви беседи“ што ги организираа Општина Охрид, националните установи: Центар за култура, Библиотека и основното училиште што го носат името на великиот Григор Прличев и Друштвото на писателите на Македонија се одржаа бројни настани со кои се чествуваше ликот и делото на ловороносецот Григор Прличев.

Манифестацијата започна со одбележувањето на патрониот празник на ООУ „Григор Прличев“, каде беше положен ловоров венец на бистата на поетот што се наоаѓа во дворот на училиштето, а потоа на неговиот гроб, што се наоѓа во дворот на црквата „Св. Богородица- Перивлепта“ беше положено свежо цвеќе и се одржа панахида во чест на Прличев.За ликот и делото на ловороносецот, пред неговото спомен- обележје, беседа одржа, Мерсиха Исмајловска член на Друштвото на писателите на Македонија.

Во рамките на свеченостите беше промовирана книгата „За Прличев и неговиот XIX век“ од д-р Вера Стојчевска- Антиќ. За книгата зборуваа промоторот проф. д-р Димитар Пандев и приредувачот м-р Милчо Јованоски.

Издавачи на книгата се Министерството за култура, Општина Охрид и НУ Библиотека „Григор Прличев“.

- **Одбележана годишнината од смртта на охридскиот гемиџија Марко Бошњаков**

Делегација од Општина Охрид, претставници од Подрачната единица на историскиот архив како и претставници од политичкиот и јавниот живот во Охрид, денес пред спомен плочата на Марко Бошњаков во непосредна близина на неговата родна куќа во старото градско јадро, положија цвеќе по **повод одбележување на годишнината од неговата смрт.**

- Во соработка со ОУ„Христо Узунов”, Здружението на граѓани„Христо Узунов”, Македонската православна црква беше одбележана годишнината од херојската погибија на војводата **Христо Узунов.**
- Со полагање свежо – цвеќе пред споменикот на сесловенските просветители, Светите браќа Кирил и Методиј беше одбележан **24-ти Мај – Денот на сесловенските просветители.**
- Поради Ковид пандемијата и оваа година не се одржа традиционалната манифестација „**Ифтарска вечер“** по повод верскиот празник Рамазан Бајрам.

Предвидените финансиски средства беа пренаменети за обезбедување храна за социјално – загрозените семејства.

- Оваа година во НУЦК „Григор Прличев“, со поддршка на Општина Охрид се одржа манифестацијата „Денови на Македонската фотографија“ што ја организира „Фото сојузот на Македонија“ кој што годинава одбележува 75 години од постоењето.
- На летната сцена „Долни Сарај“ по четврти пат се одржа Интернационалниот фестивал **„Денови на Балканската култура, традиција и уметност во Охрид“** поддржан од општината Охрид и Амбасадата на Бугарија во Република Македонија.
- Медиумско потсетување на **15 - годишнината од охридскиот и светски уметник Вангел Наумоски.**
- Во издание на општина Охрид, во јуни од печат излезе **„**Книга за Чинго“ , што ја приредија Димитар Пандев и Славе Ѓорѓо Димоски.

Во ова капитално дело поместени се бројни прилози на еминентни имиња, низ кои читателот на едно место може да се запознае со величината на делото на Живко Чинго.

На 357 страници се поместени научни трудови, есеи, записи, спомени, осврти и други жанрови низ кои се претставуваат вредностите на делата на еден од бардовите на современата македонска литература.

Најновото издание на општина Охрид „Книга за Чинго“ ќе биде промовирано на годинашната културна манифестација „ Вечер на Чинго“.

- Со настапот на Ансамблот Македонијаи Акдемското КУД „Бранко Крсмановиќ“ од Србија, синоќа започна **60-то јубилејно издание на Балканскиот фестивал на народни песни и игри.**

Шеесет годишна културна манифестација, препознаена и призната од УНЕСКО, на која продефилирале над 60 илјади уметници, во период од 06.07.2021 до 11.07.2021 година во четирите фестивалски вечери, низ игра и песна ги раширија универзалните вредности на фолклорот и интеркултурното разбирање на различните балкански народи.

На ова шеесето издание на Балканскиот фестивал на народни песни и игри настапија културно – уметничките друштва и ансамбли од Македонија, Србија, Црна Гора, Албанија и Босна и Херцеговина.

- **Со финансиска и логистичка поддршка на Општина Охрид, а во организација на НУ “Охридско лето”, на сцената на Античкиот театар се одржа** 61-тото издание на реномираниот меѓународен фестивал “Охридско лето”.

Во рамки на фестивалските денови на сцените настапија повеќе од 500 уметници д 18 земји. Со врвни концерти на светски имиња, со македонски уметници, театри, беше

донесена магијата на уметноста.Градот Охрид до 20-ти август беше спој на еминентни изведувачи од сите страни на светот.

- **Под покровителсто на Општина Охрид, а во организација на Здружението “За Трпејца со љубов”, во период од 22-ри до 29-ти јули, се одржа** јубилејното издание на културно – забавната манифестација “На зајдисонце во Трпејца”.
- Во црквата Св. Софија со поддршка на Општина Охрид се одржа деветнаесетото издание на традиционалниот **фестивал „Охридски бисер“.** Фестивалот на кој настапија педесетина млади музичари од Македонија се одржа во согласност со сите мерки и протоколи за заштита од вирусот Ковид 19.
- На сцената на Долни Сарај, во пет фестивалски денови, се одржа 28-мото издание на традиционалниот **фестивал„Охрид –фест- Охридски трубадурии„.** Фестивалот беше одржан со почитување на мерките и протоколите за заштита од вирусот Ковид 19.
- Со полагање свежо цвеќе оред спомен – бистите на хероите од двата Илиндена, општина Охрид, достојно го одбележа **2-ти Август – Денот на Републиката.** Делегација на Општина Охрид се поклони и положи свежо цвеќе пред спомен – обележјето на илинденците во градскиот парк во Охрид, спомен-обележјето кај Прентов мост и спомен – обележјето во с.Велгошти.
- Во организација на Општина Охрид и МЗ Велгошти и ООУ „Живко Чинго“ се одржа традиционалната културна манифестација **“Вечер на Живко Чинго”,** на која беше доделена наградата за најдобар кус расказ. На оваа манифестација беше промовирана Книгата за Чинго во издание на општина Охрид од проф.д-р Димитар Пндев и Славе Ѓорѓо Димоски.
  За првото издание на оваа книга говореа проф.д-р Виолета Ачкоска и проф.д-р Димитар Пандев.
  Ова издание на манифестацијата Вечер на Живко Чинго беше збогатена со извонредниот музички перформанс на млдите академски музичари Даниела Петкоска и Милош Дрпа.
- Медиумско потсетување на **годишнината од македонскиот публицист, неодминлив деец од македонската национална историја, член на македонската революционерна организација, Коста Шахов.**
- **На 54-та по ред Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, беше промовирана Книгата за Живко Чинго.**
- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани„Поетска ноќ во Велестово”, се одржа годинешното 33-то издание на **културната манифестација” Поетска ноќ во Велестово”.**
- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението “За Трпејца со љубов”, од 2 до 6 септември, во Трпејца, се одржа второто издание на **Меѓународната уметничка колонија “Трпејца 2021” г.**
- Со поддршка на Општина Охрид, во предворјето на Св. Софија се одржа **традиционалниот осмосептемвриски концерт на Ансамблот „Билјана“.** Концертот се одржа под мерките и протоколите за заштита од вирусот Ковид 19.
- Со полагање свежо- цвеќе пред спомен – обележјата во градскиот парк беше одбележана годишнината од прогласувањето **на независноста на Република Македонија.**
- Пред спомен-обележјето т.н Солзата на Роза, лоцирано на пешачката патека кај каналот Студенчишта, **беше одбележана дванаесет годишнината од потонувањето на бродот Илинден**.

- Во организација на НУ Центар за култура „Григор Прличев”, а со поддршка на Општина Охрид, се одржа годинешното 33-то издание на културната манифестација **“Охридски староградски средби”.**
- Со полагање свежо цвеќе пред спомен-обележјата од НОБ беше одбележан **11 Октомври – Денот на народното востание.**
- Со полагање цвеќе пред спомен-обележјата на револуционерите Општина Охрид го одбележа **23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба.**
- Со полагање цвеќе пред спомен-обележјата на паднатите борци од НОБ, Општина Охрид го одбележа **7 Ноември – Денот на ослободувањето на Охрид.**
- Со дводневна пригодна свеченост во големата сала на Општина Охрид во соработка со образовните институции кои го носат името на Св.Климент Охридски, со пригодна културно – уметничка програма и со полагање цвеќе пред паметникот на Св. Климент Охридски на градскиот плоштад беше одбележан **8-ми Декември –Денот на Свети Климент Охридски – Патронот на Охрид.**
  На свеченоста беа доделени повелбата „Св Климент Охридски“- Патрон на градот Охрид и наградата„ Св.Климент Охридски“ – Патрон на градот

**ФИНАНСИСКИ ДЕЛ ОД ИЗВЕШТАЈОТ**

За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 30.06.2021 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **2.768.549, оо денари,** од кои :

- **60.000,оо** денари за реализација на верската манифестација „**Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање”.** Предвидените финансиски средства беа наменети за децата од социјално загрозените семејства и за медицинскиот персонал во ЈЗУ Општа болница – Охрид.
- **500.000**,оо денари се исплатени на МПЦ –Охрид за **„Богојавление – Водици“**

Предвидените финансиски средства за оваа манифестација беа наменети за социјални пакети на лицата од социјално –загрозени семејства.

- **150.000,оо денари** се исплатени на Здружението на еѓипќани, „Пирамида“ – Зем, за поддршка на Програмските активности во 2021 година.
- **30.000,оо денари** се исплатени на „Мега продукција“ за реализација на проектот Видео – промоција на Охрид од познатиот музичар, Никола Ристески (Никола Тони).
- **15.000,оо** денари се исплатени на НУ Библиотека “Григор Прличев” наменети за поддршка на програмските активности во годинешното издание на културната манифестација**”Прличеви беседи**”;
- **15.000,оо денари** се исплатени на НУЦК **” Григор Прличев “**наменети за поддршка на програмските активности во годинешното издание на културната манифестација **“Прличеви беседи”;**
- **35.000,оо денари** се исплатени на НУ Библиотека „Григор Прличев“за поддршка во издавањето на монографијата под наслов: „Хроника на еден културен настан 2“
- **150.000,оо денари** се исплатени на Исламската верска заедница за традиционалната Ифтарска вечер по повод празникот Рамазан Бајрам.

Предвидените финансиски средства беа пренаменети за обезбедување храна за социјално – загрозените семејства

- **60.000,оо денари** се исплатени на НУЦК „Григор Прличев“ за поддршка на Охридскиот народен театар;
- **10.000,оо денари се** исплатени на Пере Ристески за поддршка во издавањето на книгата со хаику поезија под наслов: „Молчат ли камбаните“;

- **60.000,оо денари** се исплатени на Џеват Рамаданоски за неговиот проект под наслов: „Рамаданоски – музичка приказна“;
- **50.000,оо денари** се исплатени на ОО на Сојузот на борци за нивните програмски активности за 2021 година;
- **10.000,оо денари** се исплатени на КУД „Ѓердан“ наменети за поддршка во одбележувањето на 24-ти Мај – Денот на сесловенските просветители, светите браќа Св. Кирил и Методиј во Домот на култура во Кошишта;
- **15.000,оо денари** се исплатени на Ана Рувинова за поддршка во издавањето на книгата под наслов: „Диви Води“;
- **10.000,оо денари** се исплатени на Андреја Митески за поддршка во организирањето на традиционалниот културен настан по повод 24-ти Мај – Денот на сесловенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј, во предворјето на црквата Св. Софија;
- **80.000,оо денари** се исплатени на „Акрис“ Индепендент студио Дооел за поддршка на проектот за снимање на документарниот филм за боксот во Охрид;
- **30.000,оо денари** се исплатени на проф.д-р Вера Стојческа Антиќ за поддршка во издавањето на книгата под наслов: „Охрид – Отворен хоризонт“;
- **50.000,оо денари** се исплатени на Здружението на граѓани Поетска Ноќ во Велестово за реализација на 33-то издание на традиционалната поетска манифестација „Поетска ноќ во Велестово“.
- **50.000,оо денари** се исплатени на Здружението на граѓани За Трпејца со љубов за одржување на десетото јубилејно издание на манифестацијата: „На зајдисонце во Трпејца“;
- **30.000,оо денари** се исплатени на Здружение за историја, литература, издаваштво, екологија и еко –туризам “Мацково” за **Балкански – детско –младински камп: „Поетски искри од огништетото на Ванчо Николески”;**
- **70.000,оо** денари се исплатени на „Охрид фест“ ДООЕЛ за одржувањет на Интернационалниот фестивал „Охридски трубадурии“;
- **30.000,оо денари** се исплатени на Здружението на граѓани „Охридски поетски бисер“ за одржување на Меѓународниот поетски фестивал „Охридски поетски бисер“;
- **30.000,оо денари** се исплатени на Здружението на граѓани „Арт Вивенди“ за нивните програмски активности во 2021-та година;
- **50.000,оо денари** се исплатени на Здружението на граѓани „Градски мешан хор Вокс Лихнидос “ за нивните поетски активности во 2021 година.
- **80.000,оо денари** се исплатени на Здружение за историја, литература, издаваштво, екологија и еко –туризам “Мацково” за **Поддршка на проектот: „Фондација Менка и Мајкл Клос” (Ликовна заоставштина –трајна сопственост на Општина Охрид);**
- **50.000,оо денари** се исплатени на Здружение на граѓани „За Трпејца со љубов” за **Интернационална ликовна колонија “Трпејца 2021”;**
- **100.000,оо денари** се исплатени на Здружение на граѓани Независна театарска аматерска група „Аматер“ за **Поддршка на проект „Алтернативно културно-забавно лето К.И.5 до 12“;**
- **100.000,оо денари** се исплатени на Пик продукција Дооел – Прилеп за реализација на четвртото издание на фестивалот на нов европски филм **„Beach film festival“;**
- **30.000,оо денари** се исплатени на НУЦК Григор Прличев за подршка на традиционалниот Балкански фестивал на народни песни и ора за 2021 година;
- **500.000,оо денари** се исплатени за одржување на 61-то издание на најреномираниот фестивал Охридко лето 2021 година;

- **55.000,оо денари** се исплатени на КУД „Фаланга“ и тоа 25.000,оо денари за учество на Меѓународниот фестивал во Република Бугарија (Банско) како единствен претставник и промотор на културната традиција на градот Охрид и Република Македонија и 25.000,оо денари за поддршка на нивните програмски активности(по заклуок на Советот на општина Охрид);
- **25.000,оо денари** се исплатени на Детското драмско студио „Цвет “ за поддршка на нивните програмски активности за 2021 година;
- **15.000,оо денари се исплатени на Танцов клуб „Соната“ за нивното учество на** Меѓународниот натпревар во модерни танци во Словенија;
- **600, оо денари** се исплатени на НУБ „Св. Климент Охридски„ за издавање на ЦИП - запис за книгата за Живко Чинго;
- **11.082,оо денари** се исплатени на Македонска авторска агенција за техничко уредување на книгата за Живко Чинго;
- **42.000,оо денари** се исплатени на Графоден Дооел – Скопје за печатење на книгата за Живко Чинго во тираж од 300 примероци;
- **6.722,оо денари** се исплатени за реализација на културно – уметничката програма по повод традиционалната културна манифестација Вечер на Живко Чинго на акдемските музичари: Даниела Петкоска и Милош Дрпа;
- **33.602,оо денари** се исплатени на Македонска авторска агенција за исплата на добитникот на расказот за Чинго на авторот Јована Матевска Атанасова;
- **100.808,оо денари** се исплатени за авторски договори за Димитар Пандев и Славе Ѓорго Димоски за подготовка на книгата: Охридски раскажувачи;
- **6.795,оо** денари се исплатени на Жири-комисијата за избор на најдобра поетска творба на традиционалниот награден ученички литературен конкурс по повод 8-ми Декември – Денот на Свети Климент Охридски – Патрон на Охрид;
- **9.000,оо** денари се исплатени на наградените ученици од основните и средните училишта и тоа I –награда -4.000,оо ден, II –награда – 3.000,оо ден и III –награда - 2.000,оо ден;
- **12.940,оо** денари за техничка опрема (озвучување) за реализација на програмските активности на Одделението за култура за 2021 година.

  ***Процентот на реализација на програмата за култура за период од 01.01.2021до 31.12.2021 година изнесува 49 %.***

**Број 08-2982/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/85** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за млади и невладини организации за 2021 година за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ
## 01.01.2021 - 31.12.2021

Преку програмата за работа со млади и невладини организации општина Охрид директно влијае во сферата на интерес и потребите на младата популација и признавање на улогата на младите во развојот на градот како позитивна движечка сила која е носител на развојот на градот Охрид и промотор на новите вредности на општеството и државата.

Од друга страна за општина Охрид значаен е придонесот на граѓанскиот сектор и неговата значајна улога во развојот на општеството. Интенцијата на општина Охрид се движи во правец на вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политиките. Планирано е општина Охрид преку спроведувањето на оваа програма да воспостави партнерски однос и поделба на задачите со претставниците на граѓанскиот сектор во сегменти каде општината ќе има потреба а претставниците на невладините организации ќе имаат капацитет соодветно да одговорат на потребата. Секако во сите овие процеси општина Охрид силно ја почитува независноста и слободниот пристап на овој сектор при креирањето и спроведувањето на сопствените политики.

Од тука произлегува и основната функција на одделението за млади и невладини организации при општина Охрид. Да биде главна контактна точка помеѓу потребите на младите, невладините организации и општина Охрид. Главната задача на вработените во ова одделение ќе биде преку остварување на активностите предвидени во оваа програма да овозможат: подобрување на положбата на младите во општеството, вмрежување и претставување на младите од Охрид на регионално, национално и меѓународно ниво, учество и вклучување во креирањето на младинските политики, формирање на работни групи по области и приоритети за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите, организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции, континуирани средби со претставниците на граѓанскиот сектор и останати активности кои произлегуваат од делокругот на работните активности на ова одделение.

Спроведувањето на програмата се одвива преку два клучни сегменти и тоа:

1. Поддршка на млади и младински политики
2. Поддршка на невладини организации

Силна поддршка за младите луѓе од 15 до 29 години кои живеат на територијата на општина Охрид е врвен приортет на локалната самоуправа.

Соработката со граѓанскиот сектор е еден од клучните постулати на работата на општина Охрид. Отворено, транспарентно секогаш почитувајќи ја нивната независност и самостојност во носењето на одлуките ќе се трудиме реализирајќи ги активностите од оваа програма да градиме партнерски однос базиран на взаемна доверба и почитување. Тоа секако ќе придонесе општина Охрид користејќи ги услугите на граѓанскиот сектор да испорачува поквалитетни услуги кон своите граѓани.

**Реализирани активности (01.01 - 31.12.2021)**

- **Јавен повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општина Охрид за 2021 година**

По влегување во сила на буџетот на општина Охрид за 2021 година на 26.01.2021 година е објавен јавен повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општина Охрид за 2021 година. За потребите на огласот е изготвен и донесен правилник за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општина Охрид како и апликационен формулар односно пријава која заинтересираните субјекти треба да ја пополнат. Формирана е и комисија за отварање, разгледување и одлучување по пристигнатите програми и проекти како и проверка на финансиските и наративните извештаи по објавениот јавен повик. Согласно програмата за оваа намена се предвидени 1.000.000,00 денари кои претставуваат 43,9 % од вкупните средства предвидени во целата програма за 2021 година. Јавниот повик траеше триесет дена од денот на објавувањето и на него пристигнаа 25 апликации. Комисијата за отворање, разгледување и одлучување по пристигнатите програми и проекти пристапи кон евалуација на пристигнатите пријави по однос на јавниот повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општина Охрид за 2021 година. Од извршената евалуација на пристигнатите апликации беше предложено до Градоначалникот финансиски да поддржи проектни активности на вкупно 12 апликанти од областа социјала, во вкупен износ од 1.000.000,00 денари. Градоначалникот донесе Решение за распределба на средства бр. 09-702/12 од 19.04.2021 година

Општина Охрид

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локалната самоуправа
Бр. 09-702/12
15.04 2021 год.
ОХРИД

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр. 5/02), член 34 од Статутот на Општина Охрид (Сл. гласник на Општина Охрид бр. 8/07 и 1/08)и Јавниот повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општина Охрид за 2021 одина, број 09-702/2 од 26.01.2021 година, Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1. Од буџетот на општина Охрид за 2021 година се врши распределба на средства како што следува во табеларниот преглед:

| Реден број | Апликант | Област | Назив на проектот | Одобрени средства (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Здружение на граѓани за еднаква застапеност на лица со посебни потреби во медиумите СОС Балкан Медиа - Охрид | социјала | „И ние можеме„ | 150.000,00 |
| 2. | Здружение на пензионерите на општините Охрид и Дебрца | социјала | „Селекција, подготовка и учество на пензионери, спортисти во машка и женска конкуренција на регионални и 25 ти републички спортски натпревари во 2021 година„ | 60.000,00 |
| 3. | В.О.П.С. Поддршка – Охрид | социјала | Мапирање на проблемите и потребите на децата/лицата со ПОП и нивните семејства во општина Охрид„ | 90.000,00 |
| 4. | Здружение на балканските египќани во Република Македонија Охрид | социјала | „Охрид за тебе„ | 40.000,00 |
| 5. | Здружение за мултикултурна интеграција „Инклузија„ Охрид | социјала | „Претприемништво,еко номски развој, партнерство – Време да дејствуваме за социјална инклузија„ | 90.000,00 |
| 6. | Здружение на родители со | социјала | „Простор и активности на деца со посебни | 80.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | посебни потреби „Тајните на моето срце„ Охрид | | потреби„ | |
| 7. | Здружение на глуви и наглуви лица | социјала | „Активности на здружението на глуви и наглуви за социјализација во локалната самоуправа„ | 40.000,00 |
| 8. | Здружение на слепи лица Охрид | социјала | „Активности со слепите лица од областа на спортот,културата, рекреацијата | 90.000,00 |
| 9. | Здружение за лица со телесен инвалидитет од Охрид и Дебрца „Мобилност„ Охрид | социјала | „Програма за работа на здружението на лица со телесен инвалидитет од Охрид и Дебрца „Мобилност 1988„ за 2021 година„ | 50.000,00 |
| 10. | ТРД ТВМ ДООЕЛ Охрид | социјала | „Информација за секого без предрасуди„ | 150.000,00 |
| 11. | Здружение за грижа и воспитување на децата | социјала | „Пилотирање на системот за донирање на вишок храна„ | 120.000,00 |
| 12. | Здружение за културно-уметнички вредности „ТАКТУС„ Охрид | социјала | „Пробај уметност„ | 40.000,00 |
| | | | ВКУПНО: | 1.000.000,00 |

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето;
3. Примерок од решението да се достави до Сектор за финансиски прашања, Одделение за млади и невладини организации и Архива;

Правна поука:Против решението може да се поднесе приговор во рок од 8 (осум) дена од денот на известувањето за извршениот избор.Приговорот се поднесува до Градоначалникот на Општина Охрид.

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Константин Георгиески**

Врз основа на решението беа склучени договори со сите апликанти и отпочна имплементацијата на предвидените активности во рамки на проектната апликација. Проектните активности се завршени и во предвидениот рок сите организации кои финансиски беа поддржани од општина Охрид ги реализираа активностите и доставија финален извештај.

**Локален младински совет и Локално собрание на млади на општина Охрид**

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на општина Охрид, согласно Законот за младинско учество и младински политики објавен во Служен весник на РМ бр. 10 од 16.01.2020 година, се наметнува потреба од формирање на Локален младински совет и конституирање на локално младинско собрание.

Целта на реализација на оваа активност е инволвирање на младите во спроведување на политиките и креирање на младинските програми. Тоа е можно единствено преку институционализирање во тело кое формално правно ќе ги претставува младите.

Со формирањето на Локалниот совет на млади се споделуваат обврските помеѓу општината и младинските активисти на начин што се гради партнерски однос помеѓу нив со цел подобрување на условите за живот на младите луѓе на територијата на општина Охрид.

Согласно законската регулатива, Општина Охрид како единица на локалната самоуправа води активна политика на обезбедување услови и превземање системски активности за поддршка на младите и следење на нивните потреби.

Оваа обврска за општина Охрид произлегува од Законот за младинско учество и младински политики објавен во Службен весник на РМ бр. 10 од 16.01.2020 година. Според истиот закон Советот на општина Охрид финално ја верифицира одлуката на Локалното собрание на млади на општина Охрид за избор на членови во Локалниот младински совет со што практично процесот завршува.

Согласно тоа, Советот на општина Охрид на седницата оддржана 04.12.2020 донесе статутарна одлука за дополнување на Статутот на општина Охрид со која се додадени два нови члена 73 и 74 каде се предвидува како посебно тело да се формира локалниот младински совет и локалното младинско собрание на општина Охрид.

1. **Иницијативен одбор за свикување на конститутивната седница на Локално собрание на млади на општина Охрид**

За конституирање на локалното собрание за млади се свикува иницијативен одбор, составен од членови кои ги исполнуваат условите да членуваат во собранието на млади.

Иницијативниот одбор со решение го формира Претседателот на Советот на општина Охрид.

Иницијативниот одбор е составен од пет члена и тоа: по еден член од подмладоците на најголемите политички партии партии на власт и опозиција застапени во Советот на општина Охрид и три члена од локалните младински организации; Членовите од локалните младински организации се избираат по претходно објавен јавен оглас од страна на претседателот на Советот на општина Охрид.

Иницијативниот одбор се формира само за оддржување на конститутивната седница на локалното собрание на млади. Со конститутивното собрание претседава најстариот член на иницијативниот одбор кој доаѓа од редот на младинските организации.

Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивното локално собрание на млади во кој јасно е наведен датумот, местото и часот на оддржување на првата конститутивна седница на Собранието на млади.

Критериуми кои треба да ги исполнуваат младите лица кои имаат желба и интерес да се вклучат во иницијативниот одбор:

- **Да се жители на општина Охрид**
- **Да бидат на возраст од 15-29 години;**
- **Да се креативни и поседуваат искуство во областа: работа со млади и младински организации;**

На јавниот повик за членови на иницијативен одбор за организација и оддржување на локално младинско собрание на општина Охрид (https://ohrid.gov.mk/15776-2/) објавен од страна на Претседателот на Советот на општина Охрид се пријавија вкупно 8 (осум) кандидати. Претседателот на Совет донесе решение за формирање иницијативен одбор број 08-3609/1 од 13.04.2021 година со кое се формира

иницијативен одбор за организација и одржување на Локално младинско собрание на општина Охрид. Иницијативниот одбор ќе работи во следниот состав:

- **Јован Цветкоски – Претседател ( Претставник на ЗГ НАТГ„Аматер„ – Охрид;**
- **Теа Петковска – Член (Претставник на ЗГ Акцијашки клуб „Брег на младоста„ – Охрид;**
- **Димитар Поп-Стефанија – Член (Претставник на ЕК „Пират„- Охрид);**
- **Даниела Букреска – Член (Претставник на политичка партија СДСМ – Охрид)**
- **Александар Здравевски – Член (Претставник на политичка партија ВМРО ДПМНЕ – Охрид)**

2. **Локално собрание на млади на општина Охрид**

Локалното младинско собрание го сочинуваат: младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на општина Охрид.

Иницијативниот одбор распиша повик за конститутивното локално собрание на млади (https://ohrid.gov.mk/%d0%be%d0%b1%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b5%d0%bd%d0%be-%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b5%d0%bd-%d0%bf%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%ba-%d0%b7%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d0%bd%d1%81%d1%82%d0%b8%d1%82%d1%83%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%bd/) на кој свои апликации поднесоа 14 организации од кои 13 беа уредни и верификувани од членовите на локалното сорание на млади. Според тоа локалното собрание на млади го сочинуваат следните организации:

**ДЕЛЕГАТИ И ЗАМЕНИЦИ ДЕЛЕГАТИ НА ЛОКАЛНОТО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ОХРИД**

| Реден број | Име и презиме | Својство | Облик на младинско здружување |
|---|---|---|---|
| 1. | Верица Тодоровска | делегат | Здружение Извиднички одред ПИОНЕР |
| 2. | Николче Костоски | зам. делегат | Здружение Извиднички одред ПИОНЕР |
| 3. | Елена Ристеска | делегат | ЗГ „Инклузија„ - Охрид |
| 4. | Мухамед Максуд | зам. делегат | ЗГ „Инклузија„ - Охрид |
| 5. | Георги Ставрески | делегат | ОО „Црвен крст„ – Охрид |
| 6. | Анастасија Стојаноска | зам. делегат | ОО „Црвен крст„ – Охрид |
| 7. | Јован Цветкоски | делегат | ЗГ НАТГ „Аматер„ - Охрид |
| 8. | Леа Новеска | зам.делегат | ЗГ НАТГ „Аматер„ - Охрид |
| 9. | Сердар Калем | делегат | Младинска унија на Демократска партија на Турците во Македонија (ДПТМ) Охрид |
| 10. | Сехер Ибрахим | зам. делегат | Младинска унија на Демократска партија на Турците во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Македонија (ДПТМ) Охрид |
| 11. | Александар Здравевски | делегат | УМС ВМРО ДПМНЕ Охрид |
| 12. | Александар Стојаноски | зам.делегат | УМС ВМРО ДПМНЕ Охрид |
| 13. | Теа Петковска | делегат | ЗГ „Брег на младоста„ Охрид |
| 14. | Игор Јосифоски | зам.делегат | ЗГ „Брег на младоста„ Охрид |
| 15.. | Димитар Поп-Стефанија | делегат | ЗГ ЕК „Пират„ Охрид |
| 16. | Синиша Алемпиевиќ | зам. делегат | ЗГ ЕК „Пират„ Охрид |
| 17. | Дарко Љубиновски | делегат | ЗГ Про Баскет Јуниор Охрид |
| 18. | Анастасија Гоџо | зам. делегат | ЗГ Про Баскет Јуниор Охрид |
| 19. | Климент Калачоски | делегат | ЗГ „СВЕТИ НАУМ 2019„ с. Велгошти |
| 20. | Влатко Балески | зам. делегат | ЗГ „СВЕТИ НАУМ 2019„ с. Велгошти |
| 21. | Јована Ристеска | делегат | СОСУ „Св. Кирил и Методиј„ (училишна заедница) - Охрид |
| 22. | Андреј Пуфтоски | зам. делегат | СОСУ „Св. Кирил и Методиј„ (училишна заедница) - Охрид |
| 23. | Емилија Несторовска | делегат | СДММ – Охрид |
| 24. | Елеонора Блажеска | зам. делегат | СДММ – Охрид |
| 25. | Орхан Демироски | делегат | ЗГ „Пирамида ЗЕМ„ Охрид |
| 26. | Насер Ибраим | зам.делегат | ЗГ „Пирамида ЗЕМ„ Охрид |

3. Откако се изврши изборот на членови на Локалниот младински совет на избраните членови им престана мандатот во Локалното собрание за млади. Согласно деловникот за работа се пристапи кон избор на нови членови кои беа номинирани од организациите од каде доаѓаат. Согласно тоа новиот изглед на ЛСМ е следен:

| **Реден број** | **Име и презиме** | **Својство** | **Облик на младинско здружување** |
|---|---|---|---|
| 1. | **Николче Костоски** | делегат | Здружение Извиднички одред ПИОНЕР |
| 2. | **Дарко Наумоски** | зам. делегат | Здружение Извиднички одред ПИОНЕР |
| 3. | **Елена Ристеска** | делегат | ЗГ „Инклузија„ - Охрид |
| 4. | **Мухамед Максуд** | зам. делегат | ЗГ „Инклузија„ - Охрид |
| 5. | **Анастасија Стојаноска Избрана за Секретар на ЛСМ** | Делегат | ОО „Црвен крст„ – Охрид |
| 6. | **Ања Карали** | зам. делегат | ОО „Црвен крст„ – Охрид |
| 7. | **Илија Левески** | делегат | ЗГ НАТГ „Аматер„ - Охрид |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | **Ристе Лекоски** | зам.делегат | ЗГ НАТГ „Аматер„ - Охрид |
| 9. | **Сердар Калем** | делегат | Младинска унија на Демократска партија на Турците во Македонија (ДПТМ) Охрид |
| 10. | **Сехер Ибрахим** | зам. делегат | Младинска унија на Демократска партија на Турците во Македонија (ДПТМ) Охрид |
| 11. | **Александар Стојаноски** | делегат | УМС ВМРО ДПМНЕ Охрид |
| 12. | **Сања Бошалевска** | зам.делегат | УМС ВМРО ДПМНЕ Охрид |
| 13. | **Игор Јосифоски** | делегат | ЗГ „Брег на младоста„ Охрид |
| 14. | **Филип Вељаноски** | зам.делегат | ЗГ „Брег на младоста„ Охрид |
| 15.. | **Дамјан Поп-Стефанија** | делегат | ЗГ ЕК „Пират„ Охрид |
| 16. | **Јаков Јованоски** | зам. делегат | ЗГ ЕК „Пират„ Охрид |
| 17. | **Дарко Љубиновски** | делегат | ЗГ Про Баскет Јуниор Охрид |
| 18. | **Анастасија Гоџо** | зам. делегат | ЗГ Про Баскет Јуниор Охрид |
| 19. | **Климент Калачоски** | делегат | ЗГ „СВЕТИ НАУМ 2019„ с. Велгошти |
| 20. | **Влатко Балески** | зам. делегат | ЗГ „СВЕТИ НАУМ 2019„ с. Велгошти |
| 21. | **Јована Ристеска Избрана за Претседател на ЛСМ** | делегат – | СОСУ „Св. Кирил и Методиј„ (училишна заедница) - Охрид |
| 22. | **Андреј Пуфтоски** | зам. делегат | СОСУ „Св. Кирил и Методиј„ (училишна заедница) - Охрид |
| 23. | **Елеонора Блажеска** | делегат | СДММ – Охрид |
| 24. | **Ана Попоска** | зам. делегат | СДММ – Охрид |
| 25. | **Орхан Демироски** | делегат | ЗГ „Пирамида ЗЕМ„ Охрид |
| 26. | **Насер Ибраим** | зам.делегат | ЗГ „Пирамида ЗЕМ„ Охрид |

**4. Локален младински совет на општина Охрид**

Локалниот младински совет има советодавна и застапувачка улога во општината од делокругот на младински прашања и политики.

Претставниците на локалниот младински совет имаат право да:

- Предлагаат точки на дневниот ред на Советот на општината кои ги засегаат младите;
- Иницираат прашања за млади од делокругот на работа на општината;
- Иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;
- Доставуваат информации до општина Охрид за прашања кои се однесуваат на младите; и

- Вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики;

Бројот на членови на младинскиот совет на општина Охрид изнесува 7 од кои најмалку 40 % припаѓаат на помалку застапениот пол.

Членовите на локалниот младински совет на општина Охрид имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Изборот на членови на младинскиот совет на општина Охрид го прави локално собрание на млади.

Локалното собрание на млади објавува јавен повик за членови на локалниот младински совет.

Јавниот повик се објавува на веб страната на општина Охрид и во локалните медиуми.

Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за застапеноста на помалку застапениот пол.

Членовите на локалниот младински совет на општина Охрид се верификуваат од страна на Советот на општината по добиена одлука за избор од страна на Собранието на млади.

Од избраните членови на локалниот младински совет се избираат претседател и заменик – претседател.

Согласно објавениот јавен повик:

(https://ohrid.gov.mk/%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b5%d0%bd-%d0%bf%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%ba-%d0%b7%d0%b0-%d1%87%d0%bb%d0%b5%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8-%d0%b2%d0%be-%d0%bb%d0%be%d0%ba%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8%d0%be%d1%82-%d0%bc%d0%bb/0 се пријавија вкупно 14 апликанти од кои 12 апликации беа уредни. Локалното собрание на млади на седницата оддржана на ден 12.05.2021 година со тајно гласање за членови на Локалниот совет на млади на општина Охрид ги изгласа:

- **Јован Цветкоски - претседател**
- **Теа Петковска – зам. претседател**
- **Георги Ставрески**
- **Верица Тодоровска**
- **Александар Здравевски**
- **Емилија Несторовска**
- **Димитар Поп-Стефанија**

5. **Одлука за верификација на изборот на членови на Локалниот младински совет на општина Охрид**

Врз основа на член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики како и врз основа на член 73 став 11 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид донесе одлука за верификација на одлуката за избор на членови во локалниот младински совет донесена од страна на Локалното собрание на млади на општина Охрид, број 08-4752/1 од 12.05.2021. На првата седница на локалниот младински совет која се оддржа на ден 04.06.2021 година, за Претседател на Советот е избран **Јован Цветкоски** а за заменик претседател на локалниот младински совет на општина Охрид е израна **Теа Петковска**.

- **Службеник за млади**

Врз основа на член 23 од Законот за младинско учество и младински политики како и согласно заклучокот од 57 та седница на Владата донесен на 23 март 2021 година за назначување на лице одговорно за работењето на канцеларијата за млади, за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во рамки на општина Охрид, од страна на Градоначалникот на општина Охрид со решение бр. 09-5145/1 од 20.05.2021 година е назначен вработениот во рамки на одделението за млади и невладини организации на општина Охрид:

**Петар Бакалов**

6. Стратегија за млади на општина Охрид

Општина Охрид ја препознава важната улога на младите и токму затоа важно е постојано и систематски да вложува во нивниот развој, како и во воспоставување на механизми за нивно активно вклучување во општествените процеси. Со креирање на партнерство помеѓу институциите и младите ќе бидеме сигурни дека политиките за нивно интегрирање во општествениот живот се инклузивни и ги одразуваат и адресираат вистинските потреби на младите.

Имајќи ги предвид општествените состојби на локално, но и на национално ниво во поглед на потребите, ставовите, но и предизвиците пред кои се исправени младите како неопходност се наметна потребата од изработка на Локална стратегија за млади на општина Охрид.

За таа цел општина Охрид спроведе тендерска постапка и за свој партнер во изработката на овој исклучително важен документ ја избра консултантската компанија „Таргет комуникации“ од Скопје.

Стратегијата беше изработена во координација со младите лица од Општина Охрид и тоа само по себе дава поголема тежина на документот кој се усвои од страна на Советот на општина Охрид на 29.12.2021 година.

Стратегијата за млади ги поставува основните принципи и насоки за дејствување на сите чинители во општеството кои во крајна линија ќе доведат до остварување на потребите, правата, но и интересите на младите луѓе.

Содржината на Локалната стратегија за млади ги опфаќа стратешките приоритети, клучните предизвици со кои се соочуваат младите во општина Охрид и долгорочните цели презентирани низ тематските области. Документот се однесува на период од пет години.

Со цел успешно утврдување на потребите и барањата на младите луѓе изработена е и анкета на примерок од 110 испитаници- млади лица на возраст од 15 до 29 години и анализа на добиените резултати. Резултатите на анкетното истражување се составен дел од Локалната младинска стратегија и заклучоците соодветствуваат со добиените резултати од анкетата.

Врз основа на резултатите добиени од анкетата се заклучи дека младите во Општина Охрид се заинтересирани за членување во младински граѓански организации и здруженија и дека кај нив постои интерес за волонтирање и посетување обуки. Според младите, во Охрид недостасуваат обуки за млади како: ИТ Обуки, обуки за изучување странски јазици, обуки за сексуално здравје за млади, обуки за меки вештини, обуки за ментално здравје, обуки од областа на екологијата и културата. Младите во Охрид исто така сметаат дека има недостиг на културни и забавни активности за млади. Според испитаниците, на младите во Охрид најмногу им недостасува Младински центар, кино, театар, спортски сали, затворен базен, библиотека, паркови и зеленило, студентска населба и други. Според испитаниците најважните три приоритети во креирањето на стратегијата за млади на Општина Охрид треба да бидат: образование, култура и вработувања.

Мисијата на општина Охрид е младите со својата иновативност и креативност да станат главни поттикнувачи на забрзаниот економски, културен и социјален развој на Општина Охрид.

Според овој стратешки документ, Визијата на Општина Охрид за младите е следна: Младите во Општина Охрид се активни и рамноправни учесници во сите области на општествениот живот. Тие со својата иновативност и креативност се главни двигатели на економскиот, културниот и социјалниот развој, имаат еднакво право на висок квалитет на живеење, чиста и здрава животна средина.

Поставувањето на стратешки цели во еден стратешки документ и план води кон остварување на визијата. За исполнување на визијата на младите во општина Охрид потребно е исполнување на цели групирани во стратешки области претставени во локалната младинска стратегија на општина Охрид.

За реализација на оваа активност во рамки на програмата беа предвидени вкупно 640.000,00 денари а активноста се заврши со потрошени 213.717,00 денари.

**Учество во имплементација на проектот ReLOaD 2 во рамките на Регионалната програма за Западен Балкан 2**

Општина Охрид изрази подготвеност да соработува и достави проектна апликација во рамки на јавниот повик за општини од седумте плански региони за учество во Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2). Од вкупно пријавените општини, општина Охрид заедно со уште четири општини доби можност да учествува во втората фаза од Регионалната програма за локална демократија на Западен Балка 2 (ReLOaD2).

За учеството во овој проект, Советот на општина Охрид на 31.08.2021 година донесе Одлука за учесетво во имплементација на проектот ReLOaD 2, во рамките на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан, финансиран од Европската унија, од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации- УНДП. Со оваа Одлука, Општина Охрид се обврзува да учествува во имплементацијата на проектот ReLOaD 2.

По донесувањето на одлуката на 13.09.2021 година беше склучен Меморандум за разбирање помеѓу Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Охрид.

Општина Охрид преку учеството во овој проект ќе биде примарен прималец на финансиска помош и техничка поддршка во насока на зголемување на капацитетот на локалните самоуправи и граѓанските организации преку нивно поттикнување да се вклучат во продуктивни партнерства со што ќе придонесе за подобрување на испораката на услуги и реализација на локалните приоритети во согласност со стратегиите за развој. Крајна цел на проектот е воспоставување на транспарентно и ориентирано кон развој финансирање на граѓанските организации од страна на локалните самоуправи, препознавајќи ги локалните потреби и усвојувајќи пристап базиран на проекти. Исто така, програмата ќе го промовира ангажирањето на младите и ќе обезбеди поддршка за имплементација на младинските иницијативи, истовремено работејќи на подобрување на нивните капацитети во насока на градење на локални партнерства.

Општа цел на проектот е да се зајакнат партиципативните демократии и интеграцијата во ЕУ на Западен Балкан преку зајакнување на граѓанското општество и поттикнување на младите луѓе активно да учествуваат во процесот на донесување одлуки преку примена на ЛОД методологијата која има за цел да се обезбеди квалитет во процесот на планирање и имплементација на проекти и унифицираност во користењето алатки и документација за успешна имплементација и мониторинг на проекти и трошење на средства наменети за невладините организации.

На 24.11.2021 година од страна на Советот на општина Охрид беше донесен Заклучок за усвојување на Информација за ЛОД методологијата за распределба на јавни средства на граѓански организации.

**Младински центар Охрид**

Младинскиот центар претставува еден од основните сервиси за младите со чие функционирање ќе се спроведуваат програми, дискусии и работилници кои ќе ја подобрат положбата на младите во општеството. Отворањето младински центри произлегува од член 22 од Законот за младинско учество и младински политики донесен во јануари 2020 година.

Општина Охрид започна постапка за отворање на Младински центар и за таа цел на 22.07.2021 година Советот на општина Охрид донесе Одлука за отстапување на времено користење простор и спроведување постапка за формирање на Младински центар Охрид.

Со оваа одлука, општина Охрид на времено користење отстапи дел од просторот на кој општината има право на трајно користење, лоциран во поранешната „Стара касарна“ во Охрид. Периодот на користење на просторот кој е предмет на оваа одлука ќе биде 3 (три години).

Надоместокот за режиски трошоци (струја, вода, греење) како и телефон и интернет за функционирање на Младинскиот центар се на товар на општина Охрид.

Општина Охрид е задолжена за работата на Младинскиот центар да обезбеди средства од Буџетот на општината. Исплатата на финансиските средства ќе се врши врз основа на доставена годишна програма за работа на Младинскиот центар.

1. **Соработка и прием на донација за Младински центар**

Општина Охрид оствари соработка и обезбеди донација за Младинскиот центар. Донацијата е овозможена преку Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИМО), финансиран од Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), а имплементиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) во партнерство со Младински образовен форум (МОФ).

Преку Проектот на УСАИД беше реализирана донација во вид на техничка опрема потребна за опремување на Младинскиот центар во Охрид.

| | |
|---|---|
| 1. Speaker Sony Bluetooth Portable SRS-XB23 Black | Безжичен звучник |
| 2. TV Philips 50PUS7555 50" 4K Ultra HD LED SMART | Телевизор |
| 3. Projector Rigal RD-826 4000 Lumens | Проектор |
| 4. Projection Screen SBOX 240x240 w/tripod PSMT-13 | Платно за проектирање |
| 5. HP LaserJet Pro MFP M130nw network/ wireless printer | Принтер |

**Број 08-2982/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за периодот од 01.01.2021 до

31.12.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/86** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2021 година за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на ден 29.12.2020 година донесе Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2021 година. Во Програмата за работа, активностите на Советот на општина Охрид за 2021 година се планирани во четири тримесечија и тоа:

**ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (јануари, февруари и март);
**ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (април, мај и јуни);
**ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (јули, август и септември) и
**ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (октомври, ноември и декември).

**ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ**

**Педесет и четвртата седница се одржа на ден 29.01.2021 година. За работа на оваа седница беа предложени 6 точки на дневен ред. Советот усвои 5 Одлуки и 1 Програма.**

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 2 точки на дневниот ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 5 точки на дневен ред.. Членовите на Комисијата усвоија 4 Предлог Одлуки, а 1 не се разгледуваше бидејќи немаше претставник.

**Комисија за општествени дејности** - Беа предложени 3 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Педесет и петтата седница се одржа на ден 10.02.2021 година. За работа на оваа седница беше предложена 1 точка на дневен ред – СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА.**

**Педесет и шестата седница се одржа на ден 10.02.2021 година. За работата на оваа седница беше предложена 1 точка на дневен ред.**

**Советот усвои 1 Одлука.**

**Педесет и седмата седница се одржа на ден 15.03.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 51 точки на дневен ред. Советот усвои 51 Одлука.**

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 19 точки на дневниот ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 4 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 47 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за општествени дејности** - Беа предложени 22 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите** – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Членовите на Комисијатаб усвоија 2 Одлуки.

**Комисија за заштита на животната средина** – Беа предложени 7 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за Туризам и локален економски развој** – Беа предложени 3 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 3 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.01.2021 до 31.03.2021 година одржа 4 редовни седници. За работа на сите седници беа предложени вкупно 59 точки. Советот во овој период усвои вкупно 57 Одлуки, 1 Програма**

**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Педесет и осмата седница се одржа на ден 28.04.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 73 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 2 Предлог Одлуки. Од дневниот ред беа повлечени 7 Предлог Одлуки. Советот усвои 61 Одлука.**

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 13 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа

**Комисија за финансии и буџет – 49**

**Комисија за верификација, избори и именување – Беа предложени 12 точки на дневниот ред, а не беше усвоена ниту една точка.**

**Комисија за заштита на животната средина 4**

**Комисија за јавни и комунални дејности 33**

**Комисија за општествени дејности - Беа предложени 6 точки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 1 точка од дневниот ред. Две точки не беа усвоени, а 3 точки не се разгледуваа бидејќи немаше претставници.**

**Педесет и деветтата седница се одржа на ден 31.05.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 37 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 3 Предлог Одлуки. Советот усвои 38 Одлуки. Две Предлог одлуки не беа усвоени.**

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 20 точки на дневниот ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 3 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 47 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за општествени дејности** - Беа предложени 7 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за заштита на животната средина** – Беа предложени 5 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за Туризам и локален економски развој** – Беа предложени 2 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 2 точки на дневен ред Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Шеесеттата седница се одржа на ден 30.06.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 5 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 1 Предлог Одлуки. Советот усвои 6 Одлуки.**

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 2 точки на дневниот ред. Бидејќи немаше претставници, членовите на Комисијата за јавни и комунални дејности не ги разгледуваа точките од дневниот ред.

**Комисија за општествени дејности** - Бидејќи немаше кворум, седницата на Комисијата не се одржа.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - Бидејќи немаше кворум, седницата на Комисијата не се одржа

**Комисија за финансии и буџет -** Беа предложени 4 точки на дневниот ред и сите беа усвоени од членовите на Комисијата .

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.01.2021 до 30.06.2021 година одржа 7 редовни седници. За работа на сите седници беа предложени вкупно 174 точки. Од дневниот ред беа повлечени 7 точки на две седница. Дополнување на дневниот ред е извршено со 6 точки на 3 седници. Советниците разгледаа вкупно 173 точки.**

**Советот во овој период усвои вкупно 162 Одлуки 4 Програми, 3 Заклучоци и 1 План.**

**Советот не усвои 2 Предлог Одлуки**

**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Шеесет и првата седница се одржа на ден 22.07.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 8 точки на дневен ред.**

**Советот усвои 8 Одлуки.**

**Комисија за општествени дејности –** Беа предложени 6 точки на дневен ред.

**Комисија за урбанизам** - Беше предложена 1 точка на дневен ред.

**Комисија за финансии** – Беа предложени 5 точки на дневен ред.

**Шеесет и втората седница се одржа на ден 30.07.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 22 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 1 точка.**

**Советот усвои 7 Одлуки и 15 Програми.**

**Комисија за заштита на животна средина –** Беа предложени 4 точки на дневниот ред.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 13 точки на дневниот ред

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 2 точки на дневниот ред.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 19 точки на дневен ред.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 2 точки на дневен ред.

**Комисија за туризам и локален економски развој -** Беа предложени 2 точки на дневниот ред.

**Комисија за општествени дејности –** Беа предложени 3 точка на дневен ред.

**Шеесет и третата седница се одржа на ден 31.08.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 77 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 8 точки. Советот усвои 81 Одлука а 4 одлуки не беа усвоени.**

**Комисија за заштита на животна средина –** Беа предложени 6 точки на дневниот ред.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 21 точки на дневниот ред

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 6 точки на дневниот ред.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 5 точки на дневен ред.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 4 точки на дневен ред.

**Комисија за туризам и локален економски развој -** Беа предложени 3 точки на дневниот ред.

**Комисија за општествени дејности –** Беа предложени 44 точка на дневен ред.

**Шеесет и четвртата седница се одржа на ден 29.09.2021 година. За работата на оваа седница беше предложена 10 точка на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 3 точки. Советот усвои 1 Заклучок, 1 Програма и 11 Одлуки.**

**Комисија за заштита на животна средина –** Беа предложени 2 точки на дневниот ред.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 5 точки на дневен ред.

**Комисија за општествени дејности –** Беа предложени 10 точка на дневен ред.

**Шеесет и петтата седница се одржа на ден 24.09.2021 година. За работа на оваа седница беше предложена 1 точка. Советот усвои 1 одлука.**

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.07.2021 до 30.09.2021 година одржа 5 редовни седници. За работа на овие седници беа предложени вкупно 130 точки. Дополнување на дневниот ред е извршено со 12 точки на 3 седници.**

**Советот во овој период усвои вкупно 117 Одлуки, 16 Програми, 1 Заклучок.**

**ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Шеесет и шесттата седница се одржа на ден 01.10.2021 година. Оваа седница беше свечена.**

**Првата седница се одржа на ден 10.11.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 3 точки на дневен ред. Советот ги верифицира мандатите на советниците, и претстедателот.**

**Втората седница се одржа на ден 19.11.2021 година. За работата на оваа седница беа предложени 12 точки на дневен ред. Советот усвои 1 Одлука и 11 Решенија.**

**Третата седница се одржа на ден 22.11.2021 година. За работа на оваа седница беа предложени вкупно 120 точки. Беа повлечени 11 точки. Советот усвои 3 Програми, 1 Заклучок и 116 Одлуки.**

**Четвртатта седница се одржа на ден 06.12.2021 година. За работа на оваа седница беа предложени вкупно 53 точки на дневен ред. Советот усвои 28 Нацрт Програми и 25 Одлуки.**

**Комисија за заштита на животна средина** – Беа предложени 28точки на дневниот ред.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 14 точки на дневниот ред.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 24 точки на дневниот ред

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 30 точки на дневен ред.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 3 точки на дневен ред. .

**Комисија за туризам и локален економски развој -** Беа предложени 3 точки на дневниот ред.

**Комисија за општествени дејности –** Беа предложени 9 точка на дневен ред.

**Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените** – Беа предложени 2 точки на дневен ред.

**Петатта седница се одржа на ден 13.12.2021година. За работа на оваа седница беа предложени вкупно 16 точки. Советот усвои 16 Одлуки.**

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 4 точки на дневен ред.

**Комисија за верификација, избори и именување** - Беа предложени 12 точки на дневниот ред

**Шестатта седница се одржа на ден 29.12.2021 година. За работа на оваа седница беа предложени вкупно 71 точки. Беше повлечена 1 точка. Советот усвои 40 Одлуки и 30 Програми.**

**Комисија за заштита на животна средина** – Беа предложени 20 точки на дневниот ред.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 19 точки на дневниот ред.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 19 точки на дневниот ред

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 41 точки на дневен ред.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 3 точки на дневен ред.

**Комисија за туризам и локален економски развој -** Беа предложени 3 точки на дневниот ред.

**Комисија за општествени дејности –** Беа предложени 13 точка на дневен ред.

**Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените** – Беа предложени 2 точки на дневен ред.

**Комисија за верификација, избори и именување** - Беа предложени 10 точки на дневниот ред.

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.10.2021 до 31.12.2021 година одржа 7 редовни седници. За работа на овие седници беа предложени вкупно 276 точки. Од дневниот ред беше повлечени 12 точка на 2 седници. Советниците разгледаа вкупно 264 точки.**

**Советот во овој период усвои 28 Нацрт Програми, 31 Програма, 11 Решенија, 1 Заклучок и 198 Одлуки.**

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година одржа 19 редовни седници.**

**Советот во овој период усвои вкупно 468 Одлуки, 2 Заклучоци, 11 Решенија, 28 Нацрт Програми, и 50 Програми**

И З В Е Ш Т А Ј

За реализираните расходи од Буџетот на Општина Охрид,
програма А0-Совет на Општина Охрид за период 01.01-31.12.2021 година

Согласно востановената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот, во продолжение даваме приказ на позначајните зафаќања- трошоци во овој квартал за програмата Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на оваа институција. Во рамките на Буџетот на општина Охрид за 2021 година за програмата А0 - Совет на Општина Охрид, одобрени се средства во висина од 23.281.000,оо денари. Реализираните расходи во висина од 15.296.610,оо денари се распределени по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајните зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следува:

Од вкупно реализираните расходи во буџетската 2021 година, за надоместоци за советници исплатени се вкупно 5.781.440,оо денари. Во делот патување во земјата и странство реализирани се вкупно средства во износ од 14.713,оо денари. Во делот на членарините исплатени се 48.828,оо денари кон Организација за светско културно наследство членарина за 2021 година и 445.992,оо денари за членарини во домашни организации во случајов ЗЕЛС, како и 33.800,оо денари расходи за репрезентација. Општина Охрид преку Советот како нејзин орган на жителите со загрозена социјална и финансиска состојба им пружа финансиска помош преку субвенционирање на дел од нивните комунални трошоци и по истиот основ во опфатениот период исплатени се 2.034.612,оо денари кон јавните претпријатија.

Постапувајќи во насока на поддржување и помагање на граѓаните и здруженија на локално ниво, од програмата на Советот на Општина Охрид, трансферирани се средства до здруженија на граѓани, фондации и хуманитарни организации во висина од 601.000,оо денари заклучно со 31.12.2021 год.

Посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание се учениците и студентите, со цел поттикнување на младите за достигнување на што поголеми успеси а опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2020-2021 година од одобрените средства во програмата Совет со Буџетот за 2021 за стипендии исплатени се вкупно 3.981.000,оо денари.

Во анализираниот период од контото други трансфери исплатени се 2.355.225,оо денари од кои позначајните исплати дадени се подолу во текстот и се однесуваат: износ 1.605.000,оо денари исплатени согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница Охрид за помош за прво и второ родено дете, износ од 300.225,оо денари исплатени за реализација на проекти согласно јавниот повик за поддршка на проекти од јавен инетерес за граѓаните на општина Охрид и 450.000,оо денари исплатено по решение на комисијата за донесување на урбанистички планови.

Советот на Општина Охрид за периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година има извршено 65,70 % од вкупно планираните трошоци во буџетската 2021 година.

**Број 08-2982/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/87**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/32**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**За Работа на КЕМ помеѓу мажите и жените**
**За периодот 01/01/21 – 31/12/21**

Програмата на КЕМ помеѓу мажите и жените беше усвоена од Советот на Општина Охрид. Со донесување на буџетот за 2021 год, предвидени се средства за реализација на програмата на Комисијата за Еднакви можности помеѓу мажите и жените.

Во програмата се предвидени мерки и активности за реализација на Мисијата и визијата на донесената Стратегија за Родова еднаквост на Општина Охрид 2020-2024 со две специфични цели:

1. Унапрадување на капацитетите на Општинската администрација за воведување родов пристап во креирање на локални политики и буџети
2. Подигање на свеста за родова рамноправност

Реализацијата на планираните работилници и активности се одвиваа во отежнати услови на Пандемија САРС – Ковид 19 и изборна година.

Реализирани активности :

- Работилница за родови индикатори ; организатор УН Вомен- менторка Марија Ристеска; Учесници Општински Координатор, заменик Координатор, членови од интерсекторска група
- Медиумска Кампања во периодот од 25-ти Ноември до 10 –ти Декември во рамки на Кампањата “ 16 дена активизам против родово базирано насилство “.
- Во месец февруари 2022 се одржа состанок за запознавање со новите членови на комисијата со ментор Филип Кондовски од НДИ.

**Број 08-2982/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година.

**Број 09- 2982/88** **ОПШТИНА ОХРИД**
**15.03.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на

општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 15.03.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-2982/34**
**15.03.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА Ј3 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**
**ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2021 – 31.12.2021**

Преку оваа програма Секторот за комунален развој, сообраќај и улици ќе врши тековно одржување на постојната мрежа за јавно осветлување на целата територија на Општина Охрид, како и изградба на нови мрежи за јавно осветлување и проширување на постојните мрежи од уличното осветлување.

Согласно договорот со Приватен партнер, изградбата и тековното одржување на јавното осветлување на Општина Охрид го врши Приватниот партнер, по добивање на налог за работа од страна на Општина Охрид. Со договорот е предвидено Приватниот партнер да изврши проширување на постојното јавно осветлување со изградба на нови мрежи и нови сијалични места. За изградба на нови мрежи приватниот партнер е обврзан предходно да изготви комплетна проектна документација вклучително и ревизија на истата. Согласно договорот Приватниот партнер е обврзан да изведи 620 комплет нови лед енергетски ефикасни светилки со комплет столбови и каблирање на локации кои ќе ги утврди Општина Охрид.

Реализацијата на оваа програма е дадена во следната табела:

**ОПШТИНА ОХРИД**
**СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ, СООБРАЌАЈ И УЛИЦИ**
**ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА 2021 ГОДИНА**

| | Опис | Предвидени средства | Реализација по квартали | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I квартал | | II квартал | | III квартал | | IV квартал | |
| | | | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % | Вредност | % |
| | **ПРОГРАМА - ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | | | | | |
| 1 | Потрошена електрична енергија за јавно осветлување за сите улични светилки како и семафорски системи | 60.600.000,оо | 13.844.104,оо | 25 | 27.335.407,оо | 45 | | | 59.420.405,оо | 98 |
